# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 12/2022 | 27.11.2022 година | Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.16/2022 одржана на ден 24.11.2022 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност на Финансиски Извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период 01.01.2022 до 30.09.2022 година бр. 26-1072/3,
2. Одлука за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-1072/4,
3. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облшево бр. 26-1072/5,
4. Решение за Именување на членови во заедничкакомисија за меѓуопштинска сорабтка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Обелешево бр. 26-1072/6,
5. Одлука за определување на средства за потполна експропријација за изградба на крак на улица Јосиф Даскалов бр. 26-1072/7,
6. Одлука за опредлеување на средства за потполна експропријација за изградба на ул.Македонски револуционери, дел од улица Димират Влахов и дел од улица Јаким Стојковски бр. 26-1072/8,
7. Одлука за опредлување на средства за непотполна експропријација за изградба на атмосферска канализација на улица Димитар Влахов бр. 26-1072/9,

8. Одлука за пренамена на средства во буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година бр. 26-1072/10,
9. Програма за работа на инспекциското одделение за 2023 година бр. 26-1072/11,
10. Програма за контрола на популација на бездомни кучиња за 2023година бр. 26-1072/12,
11. Програма за управување со отпад за 2023 година бр. 26-1072/13,
12. План за енергетска ефикасност за 2023 година бр. 26-1072/14,
13. Програма на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година со Под програма за спроведување на општи мерки за заштита и спасување на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2023 година-Дезинфекција, дезинсекција и дератизација бр. 26-1072/15,
14. Заклучок бр. 26-1072/15-1,
15. Програма за урбанистичко планирање за 2023 година бр. 26-1072/16,
16. Програма од областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/17,
17. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/18,
18. Програма за изградба и одржување на општински патишта и улици за 2023 година бр. 26-1072/19,
19. Програма за одржување на хигиената на јавните сообраќајни површини во општина Пробиштип за 2023година бр. 26-1072/20,
20. Програма за одржување на јавно зелени површини и озеленување на нови површини за 2023 година бр. 26-1072/21,
21. Програма за изградба и одржување на улично осветлување за 2022 година бр. 26-1072/22,
22. Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/23,
23. Програма за спроведување на активностите на спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2023 година бр. 26-1072/24,
24. Програма за за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година бр. 26-1072/25,
25. Програма за работа на општински совет за детско престапништво на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/26,
26. Програма за Локален Економски Развој за 2023 година бр. 26-1072/27,
27. Програма за извршување на јавни работи на територијата на Општина Пробиштип за 2022 година бр. 26-1072/28,
28. Програма за активностите на општина Пробиштип во областа на заштитата и спасувањето и ревитализацијата на Општината по елиминирање на кризи за 2023 година бр. 26-1072/29,
29. Заклучок бр. 26-1072/29-1,
30. Програма за тековно оперативни работи на ТППЕ Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/30,
31. Извештај за проценети штети од елементарни непогоди на територијата на Општина Пробиштип бр. 26-1072/31,

32. Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на иницијален договор бр. 26-1072/32,
33. Програма за социјална, детска и здравствена на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1072/33,
34. Заклучок бр. 26-1072/33-1,
35. Одлука за отстапување на простор на користење на давателот на услуги ОО Црвен крст Пробиштип за реализација на проект Помош и нега во домот бр. 26-1072/34,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-1072/36
24.11.2022 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, расправајќи по Финансискиот звештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Финансиски извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2022 до 30.09.2022 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 2022 до 30.09.2022година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 2022 до 30.09.2022година бр.05-762/1 од 18.10.2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1072/3
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 1 од Законот за јавни претпријатија Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13 и 41/014, 138/14, 25/15, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 и 89/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, расправајќи по Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип бр.02-779/1 од 25.10.2022 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за измување и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип, усвоена од Управниот одбор на јавното претпријатие бр.02-779/1 од 25.10.2022 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1072/4
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ", бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02) и член 21 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен Гласник на Општина Пробиштип" бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општината Пробиштип, на седницата одржана на 24.11.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Камениа, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново- Облешево**

Член 1

Се прифаќа се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Камениа, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево за вршење на работи во рамки на проектот „Дигитализација на општински услуги во Источен плански регион"

Член 2

Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе општини.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1072/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ", бр. 79/09), и член 21 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен Гласник на Општина Пробиштип" бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Советот на Општината Пробиштип, на седницата одржана на 24.11.2022 година година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**За именување на членови во заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Камениа, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново- Облешево**

1. За членови на заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Камениа, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново - Облешево, од редот на вработените од општинската администрација на Општина Пробиштип, се именуваат:
   - Јованка Данева и
   - Анкица Геновска

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1072/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште за изградба на улица крак на улица Јосиф Даскалов во сопственост на физички лица предвидени со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) Дел.број 196/21-4 од 05.08.2021 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео сигма груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2022 година од контото:

485420-Надомест за одземен имот во износ од 200.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-1072/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште во сопственост на физички лица, за изградба на улица Македонски револуционери, дел од улица Димитар Влахов и дел од улица Јаким Стојковски во Пробиштип, предвидена со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) пр.бр.227/22-4 од 16.11.2022 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео-Сигма Груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2022 година од контото:

485420-Надомест за одземен имот во износ од 200.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-1072/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За определување средства за непотполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат средства за непотполна експропријација на градежно земјиште за изградба н атмосферска канализација на дел од ил.македонски револуционери во Пробиштип, во сопственост на физички лица, предвидена со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) деловоден број 187/21-4 од 28.07.2021 година на Друштво за геодетски работи и услуги Гео-Сигма Груп доо Штип.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА-Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2022 година од контото:

485420-Надомест за одземен имот во износ од 200.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-1072/9
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| D00 Градоначалник | | | | | |
| 404110 Над.за год.одмор | 0 | 0 | 16.667 | 0 | 0 |
| Е00ОПШТИНСК А АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 404110 Над.за год.одмор | 0 | 0 | 800.016 | 0 | 0 |
| 425310 Правни услуги | 0 | 0 | -450.021 | 0 | 0 |
| 427110 Привремвработ, | 0 | 0 | 50.001 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| J60ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ | | | | | |
| 424320 Одрж.на автопат,ул.и патишта | 0 | 0 | -600.000 | 0 | 0 |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | |
| 424210 Одрж.згради | 0 | 0 | -100.000 | 0 | 0 |
| 464990 Др.трансфери | 0 | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| N20СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | |
| 424210 Одрж.згради | 0 | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 480140Куп.инфор.и видео опр. | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | | |
| 401130 Основни плати-др.вработ. | 0 | 0 | -512.000 | 0 | 0 |
| 402110 Осн.придонеси за ПИО | 0 | 0 | -199.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 0 | 711.000 | 0 | 0 |
| W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | | | | | |
| 404110 Над.за год.одмор | 0 | 0 | 183.377 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година.

Број 26-1072/10 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 33 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр.102/2019) Советот на Општина Пробиштип, на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип за 2023 година**

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Во согласност со Програмата за работа на Советот на Општина Пробиштип за 2023 година и согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2019) ја презентираме Годишната програма за работа на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип во врска со извршувањето на инспекциските работи од надлежност на Општина Пробиштип за периодот од 01.01.2023 заклучно со 31.12.2023 година.

Во Програмата презентирани се активностите на Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип кои ќе бидат преземени со цел исполнување на законската рамка за вршење на инспекциски надзор во сите области од надлежност на Општина Пробиштип, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополнувања.

Одделението за инспекциски работи на Општина Пробиштип во својата работа ги покрива следните области во поглед на вршење инспекциски надзор:

1. **ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА**
2. **КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА СО КОМУНАЛЕН РЕДАР**
3. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
4. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА**
5. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ**
6. **ИНСПЕКЦИЈА ЗА ТУРИСТИЧКА И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

Програмата за работа на Одделението е дадена според надлежностите на соодветните инспектори и потребните услови за исполнување на истата, во согласност со потребите и согледувањата од досегашното работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите предвидени се во Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година во **Програмата ЕО.**

Според начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши **превентивна функција,** а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор.

**Според член 79 од Законот за инспекциски надзор, при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот ги има следните права:**

(1) Инспекторот има право да врши инспекциски надзор над субјектите на инспекциски надзор, во секое време и на лице место, во деловните простории, инсталациите и други објекти што не се користат како живеалиште, како и над средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од соодветен орган на државната управа, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат.

(2) Инспекторот при вршењето инспекциски надзор, има право:

1) **на пристап онаму каде што смета дека е неопходно и во секое време,** во простори и деловни простории, локации и транспортни средства и право непречено да ја разгледува целокупната потребна документација на субјектот на инспекцискиот надзор;

2) на пристап во технолошките, производствените и други процеси коишто се дел од дејностите и/или активностите на субјектот на инспекцискиот надзор;

3) да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување на докази потребни за спроведување на прекршочна или кривична постапка;

**4) да изврши увид во документ за идентификација на лицата овластени од субјектот на инспекциски надзор, други вработени или работно ангажирани лица во субјектот на инспекциски надзор, како и физички лица кои се затекнати на местото на инспекцискиот надзор;**

5) **да го фотографира и снима просторот** во кој се врши инспекцискиот надзор, како и предмети кои се предмет на инспекциски надзор;

6) да му изрече на субјектот на инспекциски надзор **опомена** или друга инспекциска мерка и рок за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, согласно со овој или друг закон;

7) да го надгледува спроведувањето на инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците, во рокот што го определил;

8) **да поднесе барање за поведување на прекршочна и/или кривична постапка** против субјектот на инспекциски надзор до надлежен орган, кој пак е должен за својата одлука да го извести инспекторот.

(3) **Инспекторот има право и обврска да го предупреди или отстрани лицето кое го попречува вршењето на инспекцискиот надзор.**

(4) Во случај кога при вршењето на инспекциски надзор, инспекторот ќе утврди прекршување на закон или друг пропис или акт кој е во надлежност на друга инспекциска служба, самиот ја утврдува фактичката состојба и изготвува извештај за неговите наоди кој го доставува до надлежната инспекциска служба.

За реализација на Програмата ќе биде изготвен Годишен извештај.

## 1. ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)

Работните активности на Овластениот градежен инспектор во текот на 2023 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните закони:

- Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 ,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22)

- Законот за инспекциски надзор(„Службен весник на Република Македонија "бр. 102/19)
- Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

**Вид и обем на работите :**

Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над **градби од втора категорија,** како што се: градби наменети за основно и средно образование, градби од областа на културата, градби за потребите на органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, индустриски и зелени зони основани од општините и градбите во овие зони, градби наменети за примарна и секундарна заштита, градби за потребите на верските заедници, индустриски градби, стопански градби, деловни градби, станбено-деловни градби, градби за индивидуално домување, градби за индивидуално домување предвидени со урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес, викенд куќи, градби за колективно домување, градби за потребите на агроберзи, трговски центри, хотели, рекреативни центри, градби за научно-истражувачката дејност, катни гаражи, пазари, општински патишта, придружно услужни објекти на општински патишта и улици утврдени со закон, електронски комуникациски мрежи и средства, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет до 1 МВ, фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште, ветерници, градби за производство на електрична енергија од обновливи извори биогориво, биомаса, ветерна, сончева, геотермална енергија и хидроенергија со капацитет до 1 MW, далноводи со напонско ниво до 35 КВ, трафостаници со напонско ниво до 35 КВ, складишта за нафтени деривати, природен гас и ТНГ со капацитет на складирање до 1.000 тони, секундарна гасоводна мрежа, секундарна топловодна мрежа, трамвајски пруги, градби за противпожарна заштита, градби за ветеринарна заштита, детски градинки, градби во подрачје на национални паркови и парк шуми, градби за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази, локални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување, градби кои се во функција на заштита и промоција на природното наследство (информативни центри), депонии за интертен отпад (градежен шут) и депонии за неопасен отпад, рудници и градби за потребите на рудници, автокампови и градби за потребите на автокампови, објекти за складирање, третман и/или преработка на отпад, меѓуградски автобуски станици, зоолошки градини, стадиони и спортски сали со капацитет под 10.000 гледачи, системи за наводнување и одводнување, базени на ниво на теренот за јавна употреба, јавни паркови, јавни паркиралишта и ски-лифтови.

Овластениот градежен инспектор во рамките на своите надлежности има право и обврска да врши инспекциски надзор:

**-во текот на изградбата на објектите и тоа:**

- ✓ по известување за почеток на градба од странка кое што странката е должна да го достави до Овластениот градежен инспектор и/или
- ✓ по службена должност

**- при изградба на објект кога во него се врши** пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и пренамена од станбен во деловен простор и обратно

**-над управната остапка за издавање на одобренија за градење** од страна на Општина Пробиштип

Според начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши **превентивна функција,** а презема инспекциски мерки тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор

**Активности на овластен градежен инспектор:**

- Постапување по претставки поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени сознанија и по сопствена иницијатива (службена должност)
- Водење на инспекциски и управни постапки
- Доставување на актите донесени од страна на Овластен градежен инспектор до Градоначалникот на Општина Пробиштип за нивно административно спроведување
- Контрола на постапката на издавање на одобренија за градење од страна на Општина Пробиштип
- Прием на странки

За вршењето на инспекцискиот надзор Овластениот градежен инспектор **води дневник** и доставува годишен извештај за претходната година до Советот на Општината.

**Финансиски средства:**

За спроведување на оваа Програма, потребни се финансиски средства за извршување на донесените извршни инспекциски акти односно за отстранување на бесправно изградени објекти како и за изработка на геодетски елаборати при утврдување на евентуални узурпации. За извршените контроли се изготвуваат квартални извештаи и се објавуваат на веб-страницата на општината.

**Начин на извршување на работите:**

Годишната програма ќе и овозможи на Општина Пробиштип систематизирано спроведување на Законот за градење како и на Законот за инспекциски надзор. Подеднакво важно е да се информираат и да се едуцираат граѓаните за нивните обврски од законските норми и придобивките кои ќе ги имаат од тоа на долг рок.

**Временски рокови за извршување на работите:**

Периодот за реализација на оваа Програма е јануари-декември 2023 година.

**Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Овластениот градежен инспектор се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на инспекциски надзор над градби од втора категорија на територијата на Општина Пробиштип.

Инспекциски надзор над градби од втора категорија врши еден овластен градежен инспектор на цела територија на Општина Пробиштип.

## 2. КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР И КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

### 2.1 КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР (1 извршител)

Работните активности на комуналниот инспектор во текот на 2023 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр.102/19)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија “ бр. 124/15)
- Закон за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија “ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и 302/20)
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16)
- Закон за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08, 156/10, 53/11, 38/12, 55/13, 163/13, 152/15 и 31/16 )
- Закон за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/12, 55/13, 163/13, 199/14, 54/15, 31/16 и 82/20)
- Закон за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија” бр.11/18, 42/20)
- Одлука за комунален ред („Службен гласник на Општина Пробиштип“бр.46/12)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши комуналниот инспектор и тоа:

- Проверува дали редовно се одржува јавната чистота на јавните површини од страна на јавното претпријатие или правното лице на кое му се доверени работите на одржувањето на јавната чистота
- Проверува дали се чисти снегот
- Проверува дали се одржува јавната чистота на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и на индивидуалните објекти за домување
- Проверува дали се обезбедени садови за фрлање на отпад во внатрешноста, односно ходниците на јавните објекти и во санитарните јазли
- Проверува дали при одржување на јавни манифестации е отстранет отпадот
- Врши инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината
- Врши инспекциски надзор над одржувањето на водоснабдителните и канализационите системи во општината
- Врши инспекциски надзор над работењето на операторот за погребални услуги
- Ја контролира состојбата на зеленилото и на подигање и одржување на зелени површини
- Водење на инспекциски постапки
- Прием на странки

За спроведување на оваа Програма и за спроведување на законите во надлежност на комуналниот инспектор, надзор врши еден комунален инспектор.

За извршените инспекциски надзори, комуналниот инспектор изготвува месечни и квартални извештаи кои ќе се доставуваат до раководителот на Одделението и ги објавува на веб-страницата на Општина Пробиштип.

## 2.2 КОМУНАЛЕН РЕДАР (2 извршители)

Работните активности на општинските комунални редари во текот на 2023 година ќе се засноваат на вршење на контроли над примена на следните законски прописи:

- Закон за јавната чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 80/15, 147/15 и 31/16 )
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија “ бр.124/15)
- Одлука за комунален ред („Службен гласник на Општина Пробиштип“бр.46/12)

Од горенаведените закони и подзаконски акти произлегуваат работите кои ќе ги вршат комуналните редари во текот на 2022 година.

Контролата на одржувањето на јавната чистота во согласност со Законот за јавната чистота ја вршат двајца комунални редари на целата територија на Општина Пробиштип.

За извршените контроли, комуналниот редар во координација со комуналниот инспектор изготвува месечни извештаи кои се доставуваат до раководителот на Одделението и годишен извештај, вклучен во извештајот за работа на Одделението за инспекциски работи.

**Образложение:**

Со Програмата за работа на комунален редар се предвидува преземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота со цел да се подобрат условите за живот на граѓаните на Општина Пробиштип.

## 3. ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (1 извршител)

Согласно Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр.53/05, 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14 , 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 28/18), заштитата на медиумите во животната средина (почва, вода и воздух) се постигнува преку преземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетните влијанија утврдени со овој или посебните закони.

Работните активности на Овластениот инспектор за животна средина во текот на 2023 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија " бр. 102/19)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија " бр. 124/15)
- Законот за заштита од бучавата во животната средина („Службен весник на Република Македонија " бр.79/07, 124/10, 47/11 и 146/15)
- Законот за управување со отпад („Службен весник на Република С.Македонија " бр. 216/2021)
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република С.Македонија " бр. 216/2021)
- Закон за амбиентен воздух („Службен весник на Република Македонија " бр.100/12, 163/13, 10/15 и 146/15)
- Закон за пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија " бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 123/12, 163/13, 146/15 и 39/16)
- Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16)
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија" бр.06/12 , 163/13, 146/15 и 39/16)
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија" бр.140/10, 47/11, 148/11, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16)
- Одлуки, уредби и правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа

Покрај тековните активности, Овластениот инспектор за животна средина ќе соработува со Министерството за животна средина и просторно планирање, со државните инспектори за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, како и со правни субјекти поточно овластени претпријатија за вршење на мерења кои се потребни за спроведување на законската регулатива.

**Предмет на контрола :**

- Редовна инспекциска контрола на инсталации кои подлежат на Б-интегрирана еколошка дозвола
- Надзор кај правни и физички лица кои подлежат на изработка на елаборат за заштита на животната средина
- Изработка на план за инспекциски надзор по Закон за животна средина кој го доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
- Изработка на годишен извештај за извршен инспекциски надзор (МЖСПП)
- Изработка на месечен извештај за инспекциски надзор (Раководител)
- Изработка на квартален извештај за инспекциски надзор (Раководител)
- Изработка на шестомесечен извештај за инспекциски надзор за статистика
- Постапување по барања поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени сознанија и по сопствена иницијатива
- Водење на управни постапки
- Прием на странки

**Образложение:**

Инспекцијата за животна средина ја спроведува оваа Програма на целата територија на Општина Пробиштип со еден овластен инспектор за животна средина.

Со Програмата за работа на овластениот инспектор за животна средина се предвидува преземање мерки за спроведување на законите од областа на животната

средина, за обезбедување на поквалитетна и здрава животна средина на целата територија на Општина Пробиштип.

**4. ИНСПЕКТОР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА (1 извршител)**

Работните активности на Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2023 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, и 112/14, 166/14, 44/15, 97/15 и 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 , 163/18 и 275/19)
- Закон за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/19)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуват работите кои ги врши Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта во текот на 2023 година и тоа:

- Врши инспекциски надзор над авто такси превозот на патници, линискиот превоз на патници и посебниот линиски превоз на патници на територијата на Општина Пробиштип
- Врши инспекциски надзор над одржувањето и заштитата на јавните патишта
- Водење на инспекциски постапки
- Прием на странки

За спроведување на оваа Програма и законите во надлежност на Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта, надзор врши еден Овластен инспектор за патен сообраќај и патишта.

**5.ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ДАНОЦИ И ТАКСИ (1 извршител)**

Работните активности на Овластениот инспектор за даноци и такси во текот на 2023 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски и подзаконски акти:

- Закон за даноците од имот (Службен веник на РМ” бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 183/11, 54/12, 84/12, 17/13, 188/13 и 154/15)
- Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ” бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15)
- Закон за таксата за привремен престој („Службен весник на РМ” бр.19/96 и 154/15)

Предвид ќе бидат земени и сите изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности. Од горенаведените законски и подзаконски акти произлегуваат работите кои ги врши Овластениот инспектор за даноци и такси и тоа:

**За данокот на имот:**

- Ги пријавува новите обврзници и за истите се врши проценка на имотот со кој се задолжува новиот даночен обврзник
- Од настанатите промени во доградба, надградба и реконструкција се пријавуват нови репроценки односно се зголемува облогот на даночниот обврзник
- Врши контрола на изготвениот облог и наплатата на истиот
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварените приходи по основ на даноци од имот

**За комуналната такса за истакната фирма**

- Преку веб-страната на Централниот регистар ги следи сите промени со отворање и затворање на фирми и со работа на терен согласно Законот за комунални такси врши пријавување на нови обврзници за фирмарина

- Се врши контрола на терен за новоотворените фирми и подружници
- Ја следи наплатата на фирмарината во текот на годината
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за планираните и остварени приходи по основ на фирмарина

**За таксата за привремен престој**

- Се врши контрола на сместувачките капацитети преку книгата за гости колку ноќевања се остварени во претходниот месец и согласно Законот за таксата за привремен престој истите се должни до 15[ти] во месецот за претходниот месец да ги уплатат средствата од кое 80% се приход на Општината а 20% се приход на Република Македонија
- Ја следи наплатата секој месец преку изводите од трезор
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварени приходи по основ на таксата за привремен престој.

**За комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност**

- По Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12 и 154/15), според член 3 став 1 точка 3 се плаќаат комунални такси за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, а според член 7 обврската за плаќање на комуналната такса настанува во моментот на користење на правото, предметот или услугата за кое е пропишано плаќање такса. Правниот субјект пред почнување на користење на правото должен е да поднесе барање до општината за да може да добие одобрение за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност
- Се следи наплатата секој ден преку изводите добиени од трезор
- Се врши контрола на правните субјекти на територијата на Општина Пробиштип и на лице место се утврдува фактичката состојба со изготвување на записник и задолжување на правниот субјект доколку користи а нема одобрение за користење на просторот пред деловниот објект за вршење на дејност
- Преку кварталните извештаи и завршната сметка се известува Советот за остварените приходи по основ на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност

## 5.ОВЛАСТЕН ИНСПЕКТОР ЗА ТУРИСТИЧКА И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ (1 извршител)

Работните активности на Овластениот инспектор за туристичка и угостителска дејност во текот на 2023 година ќе се засноваат на вршење на инспекциски надзор над примената на законските и подзаконски акти во областа на туристичката и угостителската дејнос и тоа:

- Закон за туристичка дејност (Службен весник на Република Македонија бр.12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15 и53/16)
- Закон за угостителска дејност (Службен весник на Р3епублика Македонија бр.62/2004)
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/19)
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15)

Предвид ќе бидат земени и сите изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности.

Работните активности на Овластениот инспектор за туристичка и угостителска дејност се:

-Врши надзор над законитоста на примената на законите од областа на туристичката и угостителската дејност која е во надлежност на општината,

-врши надзор над друштвата регистрирани за вршење на туристичка и угостителска дејност,

-врши надзор на лиценците за вршење на туристичка дејност,

-врши надзор на истакната фирма на друштвата регистрирани за туристичка дејност,

-врши надзор на сертификатите на вработените во друштвата регистрирани за туристичка дејност,
- донесува решенија за вршење на туристичка дејност, решенија за забрана на вршење на туристичка дејност и поднесува барање за поведување на прекршочна постапка;
-врши контрола согласно Законот за такса за привремен престој

Посебни услови потребни за вршење на работата

**Средства и услови потребни за извршување на инспекциските контроли и реализација на Програмата**

Одделението за инспекциски работи ќе ја спроведува оваа Програма на територијата на Општина Пробиштип со следните видови инспектори:

- еден овластен градежен инспектор, кој воедно е и раководител на Одделението за инспекциски работи
- еден комунален инспектор
- еден овластен инспектор за животна средина
- еден инспектор за патен сообраќај и патишта, кој воедно има и други работни обврски
- еден инспектор за даноци и такси
- еден овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност
- двајца комунални редари

За спроведување на оваа Програма потребни се материјално-технички средства и други услови и тоа:

- средства за извршување на актите на овластен градежен инспектор кои што се предвидени во Програмата **ЕО во висина од 200 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**
- средства за отстранување и расчистување на диви депонии и подигање на хаварисани возила **во висина од 200 000 денари со вклучен ДДВ од 18%**
- Добра соработка со други институции кои што се исто така влкучени во делови од надлежностите на општинските инспектори
- Присуство на полиција (асистенција) во одредени случаи, кои се јавуваат на терен (отстранување на објекти, контрола на авто такси и другите видови превоз и др.)
- Ангажирање на други стручни институции од областа на градежништвото, јавната чистота, комуналната дејност и заштита на животната средина (изведувачи, извршители и слично)
- Опрема и службена облека за инспекторите и комуналните редари

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр.149/14, 149/15 и 53/16) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на де 24.11.2022 година, донесе:

**Програма**
**за контрола на популацијата на бездомните животни на подрачјето на Општина Пробиштип за 2023 година**

**1.Вовед**

Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомните кучиња како и нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот е во согласност со членовите 26, 27, 28 и член 29 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр.149/14, 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни
односно нерегистрираните и регистрираните кучиња затекнати на јавните површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето и начинот на финансирањето.

За решавање на проблемот со зголеменото присуство на бездомните животни, односно контрола на нивниот број како единствено ефикасен и одржлив е пропишан согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, хуманиот начин на третирање на овие животни односно нивна масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени.

По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата животните се враќаат на територијата од која што биле заловени, обележани со ушна маркичка и вграден чип. Поради порастот на оваа популација за најбрз загарантиран ефект препорачливо е кучињата да се стерилизираат за да не постои можност за зголемување на нивната популација.

**2.Основна цел на програмата**

Основна или главна цел на програмата е контрола на популацијата на бездомните кучиња во општина Пробиштип, ефикасно, одговорно, хумано и трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и за да се спречи присуството на нови кучиња на јавните површини.

**3.Активности**

Активностите за хумано третирање на бездомните животни на подрачјето на Општината подразбираат:

- заловување на животните,
- нивен транспорт до прифатилиштето,
- прием и преглед од овластен ветеринар,
- лабораториско испитување на животните на одредени болести,
- идентификација и водење на евиденција,
- стерилизација,
- постоперативно сместување, лекување и нега,
- вакцинација и дехелментација,
- веб сервис за објавување на заловените животни и потикнување на вдомувањето,
- повторно враќање на животните на локацијата од каде што биле заловени
- еутанизација на многу болни и агресивни животни

Заловување и транспорт

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на лицата ангажирани за заловување на животните кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика на целата активност во спротивно може да се трауматизираат животните и да предизвика многу несакани реакции кај лицата присутни при наведенатата активност. Работниците ангажирани за заловување на животните треба да располагаат со соодветна опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, пушка за привремено успивање со средства за времена парализа – успивање, кафези за транспорт, оковратници и водилки и соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Заловувањето на бездомните кучиња приоритетно ќе се врши на следните јавни површини: плоштадите, на пазарните места, во оклината на градинките, основните и

средните училишта и гробиштата во Пробиштип и Злетово а потоа и на останатите јавни површини.

Прифатилиште и медицински третман

Секое заловено животно се сместува во прифатилиште заради медицинско третирање: преглед од овластен ветеринар, лабораториско испитување, по потреба прочистување од внатрешни и надворешни паразити, хируршки зафат-стерилизација/кастрација, вакцинација и дехелментација, за на крај животното да се обележи со ушна маркичка и микрочип. Прифатилиштето треба да ги исполнува условите пропишани во Правилникот за техничките услови во прифатилиштето и треба да биде одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Посвојување и вдомување

Посвојувањето и вдомувањето е најхуманиот начин за згрижување на напуштените кучиња и мачки. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирании, стерилизирани и да имаат микрочип.

Со цел да се олесни и да се промовира вдомувањето на бездомните животни, прифатилиштата треба да соработуваат со здруженија за заштита на животните и со заинтересираните граѓани. За таа цел потребно е фотографирање на сите животни и објавување на наменски веб портали со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување на миленик.

Еутанизација

Еутанизацијата може да се спроведе само и исклучиво како крајна мерка кај болно животно или тешко повредено - во терминален стадиум на болест или повреда кога состојбата е неизлечива и е невозможно да се елиминира болката кај животното.

**4.Извршител**

Извршител на програмата е регистрирано правно лице – Овластена ветеринарна амбуланта, болница или клиника, која поседува одобрение за прифатилиште од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Извршителот на програмата ќе биде избран во постапка на избор на најдобар понудувач по спроведена електронска аукција во постапка за јавна набавка. Извршителот е должен да постапува согласно прописите од Законот за заштита и благосостојба на животните како и правилата и стандардите за овој вид на работи. Динамиката на заловување на бездомните кучиња ќе се врши по потреба односно по утврденото присуство на животните на определени јавни површини кога ќе се повика извршителот да изврши заловување и третман на истите.

**5.Финансирање на наведените активности**

Трошоците за заловување и третман на бездомните кучиња се на товар на Општината а на заловените регистрирани и нерегистрирани кучиња на товар на сопствениците (член 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните). Финансирање на програмата се врши од средствата предвидени во буџетот на Општината за тековната година во програмата Т1- унапредување на здравствената заштита, конто 425510 – ветеринарни услуги. За 2023 година предвидени се средства во висина од **500 000,00 денари.** Наплатата за извршената активност ќе се врши по заловено и третирано животно по цена постигната на електронската аукција, утврдена во договор за вршење на наведената активност склучен помеѓу Општина Пробиштип и давателот на услугата.

При секоја дневна активност на заловување на животните записнички се утврдува бројот на заловените животни.

**6.Надзор**

Надзор на извршувањето на Програмата врши Агенцијата за храна и ветеринарство. Инспекциски надзор врши Комунален инспектор на Општина Пробиштип.

**7.Едукација и информирање**

Истовремено со заловувањето на животните присутни на јавните површини потребна е едукација на граѓаните. Главна цел на истата треба да се однесува на концептот на одговорно сопственишство што подразбира одговорност кон животните односно нивно чување и ненапуштање на истите од сопствениците. Заради тоа оваа материја треба законски да се доуреди односно да се обврзат сопствениците да ги евидентираат постоечките и новородените животни како и да се забрани нивното напуштање и присуство на јавните површини.

Општината заедно со невладините организации за заштита на животните ќе спроведува едукативни средби со имателите на животните со цел да се контролира популацијата и одговорноста кон животните односно нивно чување и ненапуштање на истите од сопствениците.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/12 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. гласник на општина Пробиштип бр 4/05, 25/14, 29/15 и 23/19), на предлог на Градоначалникот на Општина, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**

За управување со отпад на општина Пробиштип за 2023 година

Општ дел

КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ЦВРСТИОТ КОМУНАЛЕН ОТПАД(ЦКО)

Називот цврс комунален отпад (Municipal Solid Waste) е релативно нов во нашата терминологија. Тој претставува алтернатива на досегашните изрази како домашно ѓубре, јавен смет, комунален смет и сл. Во време на зголемен индустриско – технолошки развој, демогравска експлозија, пренаселеност и интензивно темпо на човековиот живот, доаѓа до енормна продукција на ЦКО, како и зголемување на содржината на вештачки и тешко разградливи материи во него. Природарта не е во состојба сама да го разложи отпадот создаден од човековите активности, така што тој станува се поголема закана за човекот и неговата околина, бидејќи зафаќа се поголеми површини и ги загадува почвата, атмосверата, површинските и подземните води и биосверата.

За решавање на проблемот со цврстиот отпад е развиена посебна научно-инженерска дисциплина, наречена Управување со цврстит отпад УЦО (Solid Waste Management) која се бави со контрола на продукцијата, прибирањето, селекцијата, транспортот, третманот и конечното одлагање на отпадот. Основни аспекти на една здрава стратегија за систематско решавање на проблемот со ЦКО се следните:

-Зголемување на квантумот на информации (технички и едукативни) за планирање и управување со отпадот, како и истражување и развој на таа област

-Унапредување и координација на работата на овие фактори кои работат со згрижување на отпадот (комунални претпријатија, индустријата, научни институции, министерство за заштита на животната средина и.тн),

-Интензивирање на активностите за намалување на продукцијата и токсичноста на ЦКО,

-Зголемување на степенот на примарна селекција на ЦКО,

-Тенденција кон современите постапки на третман на ЦКО (инсинерација, аеробна, и анаеробна ферментација, пиролиза и т.н)

-Тенденција кон осовременување на депониите за одлагање на отпадот.)
-Интензивирање на активностите за намалување на продукцијата и токсичноста на ЦКО,
Примарно место во стратегијата за згрижување на ЦКО завземаат информациите за каректеризација на отпадот. Тоа подразбира познавање на неговиот состав (физички, елементарен, проксимативен и / или фракционен), специфичната маса, топлинската моќ и друго или барем проценка на овие параметри. Врз база на овие податоци може да се развиваат сите останати сегменти од стратегијата за згрижување на ЦКО.
Под цврст комунален отпад (ЦКО) се подразбира секаков вид отпад што се создава во домаќинствата, јавните и економските установи и претпријатија и институциите на една урбана средина. Отпадот што се продуцира од индустријата, рударството, земјоделието, медицината и слично не спаѓа во категоријата ЦКО.
ЦКО содри разни компоненти од органско и неорганско потекло. Под физички состав се подразбира застапеноста на поедини категории материјали во цврстиот отпад (хартија, стакло, пластика, вегетациони остатоци, метали и сл.)
Постојат два основни пристапи при определување на составот и количината на ЦКО:
1.Анализа на примероци ЦКО земени од депониите при возилата за транспорт (директен метод)
2.Следење на протокот на материјалите врз база на економско – производни и продажни податоци (индиректен метод)
Врз основа на Планот за управување со отпад и според резултатите добиени при оцената на состојбата, во општина Пробиштип годишно се создава по околу 5685 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад околу 95% организирано се собра и одложува на депонијата Озрен, одалечена 3,3 км од градот Пробиштип. Оваа депонија се користи од 1975 година, се наоѓа помеѓу ридови а отпадот се депонира во природно создаден дел (дупка). Вкупно зафатената површина на депонијата изнесува 35 000 м $^{2}$ и вкупно депониран отпад од 353846 м $^{3}$ . Со реализацијата на проектот за Регионална депонија овој отпад треба да се транспортира на новата локација.

**Состав на отпад**

| Фракција | Застапеност (%) | Вкупно (тони) |
|---|---|---|
| Органски отпад | 26.2% | 1489,5 |
| Дрво | 2.7% | 153,5 |
| Хартија и картон | 11.6% | 659,5 |
| Пластика | 9.7% | 551,4 |
| Стакло | 3.5% | 199 |
| Текстил | 2.9% | 164,8 |
| Метали | 2.6% | 147,8 |
| Опасен отпад | 0.2% | 11,4 |
| Композити | 2.2% | 125 |
| Комплексни производи | 0.3% | 17 |
| Инертен отпад | 3.6% | 204,6 |
| Други категории | 3.6% | 204,6 |
| Ситни делови | 30.9% | 1756 |
| Вкупно | 100% | 5685 |

Мерки, активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад
-Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад
-Набавка на возила и опрема за селекција за сите јавни комунални претпријатија во Источниот плански регион, за етапно вклучување во проектот за изградба на Регионална депонија

-Се препорачува воспоставување на соработка и можности за изградба на постројки за рециклажа, на регионално ниво
-Компостирање на биоразградливиот отпад
-Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање
-Воспоставување на домашно (индивидуално) компостирање, промовирање модел на компостирање

| | Предвидени активности во програмата на општина Пробиштип | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Акции од планот | Активност | Финансиски средства(ден) | Забелешка |
| 1. | Јакнење на административните капацитети | Јакнење на капацитетите на ЈКП и општина Пробиштип | Нема финансиски последици | |
| | | Нова организациона поставеност на ЈКП и подобрување на ефикасноста во делот на отпад | | |
| | | Зголемување на капацитетите во општина Пробиштип за следење на проблемите во делот на животната средина | | |
| | | Техничко доопремување во ЈКП, со компјутери и опрема за подобро следење и ажурирање на податоците во делот на отпад | | |
| 2. | Комплетно затварање на постојната депонија (постигнување на технички минимум) | Спроведување на условите дадени во дозволата за ИСКЗ(Интегрирано спречување и контрола на загадувањето)<br>-Осветлување и оградување<br>-Интервенции на пристапниот пат до депонијата<br>-Обезбедување со чуварска служба<br>-Континуирано затрупување на дел од депонијата со земја. | Нема финансиски последици | Оваа активност е во надлежност на ЈКП Никола Карев |
| 3. | Регионално управување со отпад во Источниот плански регион | Изработена е физибилити студија и техничка документација за регионално управување со отпад. Транспорт и складирање на отпадот од општина Пробиштип ќе почне да се врши на депонијата во Свети Николе. | | Се работи за огромен проект кој е во фаза на реализација. Општина Пробиштип учествува со член односно претседател во регионалното координативно тело. Овие средства ќе се обезбедуваат преку Центарот за развој на Источниот плански регион со средства од ЕУ фондовите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад | (Подобрување на возниот парк и набавка на садови за оваа намена) | Нема финансиски последици | Набавка на опрема и садови за селекција на сите ЈП кои ќе учествуваат во проектот за Регионална депонија за отпад во ИПР. |
| 5. | Зголемена покриеност на населените места со организирано подигање на сметот и елиминирање на несоодветно депонирање на отпадот-појава на диви депонии | Во неколку помали населени места ЈКП отпочна со организирано подигање на сметот. Во Програмата за 2023 година ЈКП планира да опфати и нови населени места. | | Оваа активност е во надлежност на ЈКП Никола Карев. Во Програмата за 2023 година ЈКП планира да опфати и нови населени места. |
| 6. | Расчистување на диви депонии на територијата на општина Пробиштип | Преку проектот за Регионално управување со отпад во Источниот плански регион, обезбедени средства избран е изведувач и ке отпочнат теренски активности | | Регионално управување со отпад во Источниот плански регион, обезбедени средства |
| 7. | Поголем обем на реализација на проект Био отпад , преку Програма Интер ак Балкам мед во соработка со Универзитет Гоце Делчев Штип, општина Картерини, општина Јерамасова и Технолочки институт Крит | Промоција, теренски активности, мониторинг | | Обезбедени ЕУ средства |
| 8. | Мониторинг на управување | -Изработка на база на податоци<br>-Аплицирање по однос на повици и предлог мерки за решавање на проблемот со дивите депонии | | Во соработка со ЈКП |
| 9. | Формирање на тим со претставници од сите структури и родова еднаквост, за ревизија/изработка на План за управување со отпад на општина Пробиштип | -Ревизија и продолжување на рок на План за управување со отпад на општина Пробиштип<br>- Печатење на флаери, брошури | 30.000,00 | |
| 10. | Регионална соработка | Подобрување на условите за работа | | Предвидени се средства во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на заедничкото ЈП со општина Кочани за СРТЦ Пониква | | буџетот на општина Пробиштип по однос на договорот и меморандумот со општина Кочани |
| 11. | Санација и рекултивација на старата јаловишна депонија | Овие жешки точки се обврска на државата Република Северна Македонија. Општина Пробиштип е целосно вклучена во изнаоѓање на можности за решавање на овој проблем. | Нема финансиски последици | Изготвен е проект од страна на ГИМ- Скопје за санација и рекултивација чија вредност е 246 000 000 денари.. |
| 12. | Мерки за управување со азбестен отпад и замена на азбесни кровови на јавни и приватни објекти | -Предавања и работилници<br>-Мапирање на објекти со азбестни кровови<br>-Субвенционирање на замена на азбесни кровови во соработка со советите на згради. | 20. 000,00 | Со претставници од сите структури и родова еднаквост |
| 13. | Подготовка на проектни студии (Студија за изводливост, Оцена на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки | Подготовка на проектни студии (Студија за изводливост, Оцена на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки), проектна и тендерска документација за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источен и Североисточен регион“, | | Финансиран од страна на Оперативната програма за регионален развој на ЕУ, реф.бр. EuropeAid/136070/IH/SER/MK, 2016-2017 година- буџет за изработка 950 000 евра, тековен проект |
| 14. | Затворање на несоодветните депонии и дивите депонии за Источниот и Североисточниот регион | Затворање на несоодветните депонии и дивите депонии за Источниот и Североисточниот регион (за Источен регион, ремедијација на 12 депонии и тоа депониите во Берово, Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница, Зрновци и Свети Николе, вкупни трошоци за фаза 1 и фаза 2 (подготвителни работи, експропријација на земјиште, инвестициони трошоци, надзор, мониторинг и трошоци за одржување по затворање на депониите), | | Проектот е повеќегодишен за реализација би биле потребни 7 722 957,00 евра |
| 15. | Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад | Набавка на опрема за собирање и транспорт на отпад во Источен и Североисточен регион (канти, | | Проектот е повеќегодишен за реализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во Источен и Североисточен регион | контејнери, единици за домашно компостирање, разни видови на возила за собирање и транспорт на отпад со капацитет од 4 до 22м3, возило за миење контејнери, следење на возилата и планирање на маршутите ( хардвер и софтвер), | | предвидени вкупно 5 818 115 евра, |
| | ВКУПНО | | 50.000,00 | |

ИДНИ АКТИВНОСТИ
Според динамиката од 2015 до 2023 година со средства грант од Европската унија ќе бидат спроведени односно директно реализирани следните проекти:
-Затворање на несоодветните општински депонии и чистење на дивите депонии во Источниот и Североисточниот регион, вредност 10 500 000 евра(тендерот е завршен и се избрани фирмите кои треба да го реализираат проектот)
-Надзор над градежните работи на проектот, Затворање на несоодветните општински депонии и чистење на дивите депонии во Источниот и Североисточниот регион
-Ставање во целосна употреба на набавената опрема и возила за собирање и транспорт на отпад, во вредност од 5 500000 евра.
-Воспоставување на интегриран финансиски самоодржлив регионален систем за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион, кој вклучува изградба на регионалната инсталација за преработка и третман на отпад со вклучена регионална депонија и шест претоварни станици за отпад, вредност 28 000 000 евра.
-Техничка помош на регионалните претпријатија задолжени за управување со отпад и кампањи за подигање на јавната свест, како и ставање во целосна функција на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ”ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе.вредност 2 000 000 евра.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/13
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6, 7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) а во врска со Законот за енергетика (Службен весник на РМ, бр.16/11;136/11;79/13;164/13;41/14;), на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година го донесе следниот:

**ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
**на општина Пробиштип за 2023 година**

Политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Програмата ја донесува Советот на општината и таа се однесува на три години. Градоначалникот изготвува план за реализација на програмата и извештај за остварување на планот за претходната година и го доставува до Советот на општината за одобрување односно усвојување.
Долгорочните цели на општината се:
- Да се намали годишната потрошувачка на енергија,
- Да се намали делот за енергија во општинските инвестиции ,

- Подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност од основните училишта и детски градинки во надлежност на општината,
- Да се замени целосното јавно осветление во општината со нови светилки со што потрошувачката ќе се намали на половина од сегашната,
- Да се намалат нивото на $CO_2$ емисии во атмосферата за минимум 20% во споредба со сегашното ниво,
- Зголемување на ЕЕ на општинските објекти преку преземање на конкрерни мерки за заштеда на енегрија (промена на врати и прозорци, ЕЕ фасада, кровни конструкции, поставување на сончеви колектори). Искористување на нови алтернативни извори на користење на енегрија
- Формирање на комисија за ЕЕ во рамки на општината
- Ажурирање на база на податоци за ЕЕ
- Кампања и обуки на граѓанството за значењето на ЕЕ и подигнување на свеста за заштеда на енергија кај граѓанството
- Да се намали бројот на здравствени проблеми поврзани со внатрешната клима во училишните згради и детските градинк,
- Брза идентификација и обнова на проблематичните системи во основните училишта и детските градинки со висока потрошувачка на енергија во основните училишта и детските градинки.

Стратегија на општината е дека горенаведените цели ќе ги постигне преку:

- Функционирање и работење на тимот за енергетска ефикасност во одржување на базата на податоци,
- Основање на фонд за финансирање и реализација на проекти за зголемување на енергетска ефикасност во училиштата и јавното осветление,
- Идентификација и изнаоѓање на нови донатори,
- Идентификација и користење на нови извори на енергија.

Истовремено, за да се остварат горните долгорочни цели, општината има цел да промовира и работи на:

- Создавање на свест преку ширење на добри практики,
- Промоција на социјалната свест за потреба за создавање на одржлив развој,
- Градење на партнерства коишто вклучуваат јавен сектор, потрошувачи и енергетски фирми.

Општина Пробиштип има значителен потенцијал за зголемување на енергетска ефикасност во јавните објекти и тоа: општинските административни згради, основните и средни училишта, зградите на детската градинка, зградите на домот на културата, спортските сали и уличното осветление. Трошоците за енергија (електрична и топлинска) за јавните објекти во надлежност на Л.С. завземаат повеќе од 5%- 10% од вкупниот буџет на општината, а се очекува годишен раст од цели (10-15)%, овој раст се должи пред се на зголемување на цената на енергенсите. Исто така трошоците за потрошена електрична енергија за јавно (т.н.улично) осветлување се на ниво од околу 4% од вкупниот буџет на општина Пробиштип, кој реално може да се намали за (40-50)% со замена на постојните со нови т.н. штедливи светилки.

Со цел да се намалат трошоците и потрошувачката на енергија и да се подобрат внатрешните услови на зградите за образование (основните училишта и детските градинки) од една страна и уличното осветление од друга страна, потребно е истите да се реконструираат, целосно или делумно, и во нив да се применат мерки за енергетска ефикасност.

Генералната цел на Програмата за Енергетска Ефикасност (МЕЕП) во општина Пробиштип е да се намали потрошувачката на енергија во зградите под општинска управа и уличното осветление во општината, а со тоа да се намали и емисијата на јаглероден диоксид. Намалувањето на емисиите на јаглероден диоксид секако може да има огромно влијание врз ефектот на стаклена градина а со тоа и на глобалното затоплување. Концентрацијата на $CO_2$ сега е зголемена за околу 0,4 % годишно на глобално ниво. Јаглерод диоксидот

(хемиска формула: $CO_2$) е хемиско соединение составено од два кислородни атоми и еден атом на јаглерод. Тоа е гас без боја и мирис, потежок е од воздухот и не гори.

Најголем дел на јаглерод диоксид се добива од согорување на фосилните горива. Фосилните горива (јаглен и нафта) содржат големо количество на јаглерод. Кога се запалени тој јаглерод се ослободува во атмосферата во вид на $CO_2$, што доведува до зголемување на неговата концентрација во атмосферата. Износ на $CO_2$ зависи од видот на фосилното гориво.

Главни извори на $CO_2$ при согорување на фосилни горива со застапеност се: течни горива (бензин, нафта) 36 %, цврсти (јаглен) 35 %, гасни (природен гас) 20 %, производство на цемент 3 %, согорување на индустриски гасови со помалку од 1 % и.тн.

Со имплементацијата ќе се постигнат и други специфични цели, и тоа:

- Намалена потрошувачка на енергија и заштеда на средства за капитални инвестиции и развој,
- Обновени енергетски системи и објекти;
- Инвестирање во технологии за супституција на електричната енергија со сончевата енргија и природниот гас и мали хидроелектрични централи,
- Подобрени санитарни услови и зголемена продуктивност и
- Зголемена свест за енергетски заштеди кај одговорните лица во општината кои носат одлуки, извршителите и крајните потрошувачи.

Во следната табела се дадени објектите што припаѓаат на секторот Администрација (општинска зграда), секторот образование поделени во две целни групи: Основни училишта и Детски градинки и Култура со објекти во Пробоиштип и Злетово. За објектите е дадена вкупната грејна површина.

**Табела 5 Податоци за јавни објекти третирани во програмата**

**Сектор: АДМИНИСТРАЦИЈА**

| | Грејна Површина ($m^2$) |
|---|---|
| **Целна Група: Административни згради** | |
| • **Општинска зграда-Пробиштип** | 973 |
| • **Услужен и Бизнис центар-Пробиштип** | 255 |
| • **Услужен центар-Злетово** | 270 |
| **Вкупно:** | 1.498 |

**Сектор: ОБРАЗОВАНИЕ**

**Целна Група: Основни, средни училишта заедно со спортски сали**

| **Локација на објект/ознака** | **Име на основно училиште** | **Грејна Површина ($m^2$)** |
|---|---|---|
| Центар/БМ1 | ОУ "Браќа Миладиновци"-Пробиштип | 3.066 |
| с.Пробиштип/БМ2 | ОУ "Браќа Миладиновци"-Пробиштип | 719 |
| Нас.Калниште/НК1 | ОУ "Никола Карев"-Пробиштип | 4.979 |
| Злетово/МТ1 | ОУ "Маршал Тито"-Злетово | 2.324 |
| Центар/ННБ1 | СОУ "Н.Н.Борче"-Пробиштип | 1.920 |
| Центар/ННБ2 | СОУ "Н.Н.Борче"-Пробиштип | 2.049 |
| | **Вкупно:** | 15.057 |

**Целна Група: Детски Градинки**

| **Локација** | **Име на детска градинка** | **Грејна Површина ($m^2$)** |
|---|---|---|
| Пробиштип | Цветови | 1.169 |
| Пробиштип (центар) | Срничка | 607 |
| Злетово (центар) | Изворче | 1.354 |
| | **Вкупно:** | 3.130 |

**Сектор: Култура** **Грејна**

| Локација | Име на објектот | Површина ($m^2$) |
|---|---|---|
| Пробиштип | Зградана Дом на Култура Злетовски рудар | 1.624 |
| Пробиштип | Кино сала Злетовски Рудар | 2.260 |
| Злетово | Дом на култура | 830 |
| | Вкупно: | 4.714 |

Во изминатите години со средствата од Европската Унија во општина Пробиштип, финансирано е поставување на фотоволтаични системи на следните објекти ООУ „Никола Карев", Спортска сала во ООУ „Браќа Миладиновци " и ЈОУДГ „Гоце Делчев" – објект Изворче.
Со овој проект се зголеми и бројот на користени обновливи извори на енергија, согласно стратешките напори на Владата за поттикнување на користење на обновливи извори на енергија и заштита на животната средина.
Со набавката и инсталацијата на фотоволтаичните системи сите три објекти произведуваат по 15kW електрична енергија на час, со што се направија значајни заштеди кај овие објекти, воедно директно се намалауваат трошоците на Општината. Реализирана програмата за улично осветлување за 2023година.
Општина Пробиштип со сопствени средства го реалиозираше Проектот за субвенционирање на инвертер клими.

**Активности за 2023 година на ПЛАНОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

| Акции од планот | Активност | Финансиски средства(денари) |
|---|---|---|
| 1.Јакнење на административните капацитети | Јакнење на капацитетите на општина Пробиштип | / |
| | -Формирање на тим за ревизија, енергетска контрола и следење на реализацијата на Програмата за ЕЕ | / |
| | -Зголемување на капацитетите на општина Пробиштип за следење на проблемите во делот на ЕЕ | / |
| | -Изработка на елаборат за оценка на енергетска ефикасност за постоечки објект, општинска зграда (дефинирање на сите потребни параметри за намалување на потрошувачка на примарна енергија и намалување на емисија на $CO_2$). Енергетски карактеристики на објектот, прикажување на класата на објектот врз основа на неговата потреба за греење (термичките карактеристики на градежните конструкции, финалната и примарната енергија по типови, емисијата на $CO_2$ и препораки за подобрување на енергетската ефикасност на објектот). | 200.000,00 |
| 2.Изработка проектни задачи и | Дефинирање на целите и активностите за | / |

| Акции од планот | Активност | Финансиски средства(денари) |
|---|---|---|
| тендерска документација за избор на консултантски куќи за изработка на проектна документација во делот на ЕЕ | изработка на проектна документација. | |
| 3. Организирање работен состанок и советување за инвеститори на тема обновлива енергија, "Зошто и како да инвестирам во фотоволтаична централа" | Изработка на план и временска рамка, воспоставување соработка со бизнис секторот и граѓанскиот сектор.<br>Со претставници од сите структури и родова еднаквост, застапеност на мажи и жени | / |
| 4.Проект -Енергетски ефикасна градинка Гоце Делчев, клон Изворче | Аплицирање по однос на ИПА програмата, прекугранична соработка со Р.Бугарија(6.000 000,00 ден) | Средства од ЕУ |
| 5.Изработка и печатење на флаер – Практично користење на енергија, заштеда на енергија и важноста на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија | Со претставници од сите структури и родова еднаквост, застапеност на мажи и жени | |
| 6.Реализација на Планот за замена на постојните со енергетски ефикасни светилки од физибилити студија за јавно осветлување во општина Пробиштип | Замена на 1650 светилки (натриумови, живини), со енергетско ефикасни и со постојните 450 Лед кои остануваат ќе имаме целосено улично осветлување со енергетско ефикасни светилки. | По изготвена студија за оваа намена, 26. 000 000 ден. |
| 7. Формирање на тим и активности за Ревизија на постојната и изработка на нова Програма за ЕЕ, по најнова метода. | Со претставници од сите структури и родова еднаквост, застапеност на мажи и жени | |
| 8.Едукативни работилници за ЕЕ, посета на саеми и семинари | Изработка на план и временска рамка | |
| 9.Проект фотоволтаични системи во рурални општини “, поставување на фотоволтаични системи со што се допринесува за заштеда на електрична енергија во јавните објекти преку користење на алтернативни извори за производство на енергија и заштита на животната средина. | Изработка на Апликација за учество<br><br>Реорганизација и екипирање во доменот на работните простории за вработените во општина Пробиштип. | Овие проекти се реализираат преку Министерството за Финансии во соработка со Светска банка. Во претходниот период е реализиран ваков проект на три објекти во општина Пробиштип. |
| 12.Изработка на проектна документација за замена на осветлувањето со енергетски ефикасни светилки во спортска сала "Софија Петровска" | | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | 26 300 . 000,00 |

Планот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/14
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ 22/2010 и 136/2011) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), на предлог на Советот за јавно здравје на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната:

**Програма на Советот за јавно здравје за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година**

| Ред бр. | Општи Мерки | Цел на активноста | Насоки | Извршители | Временска рамка | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **-Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување** | -детектирање на причинаната на загадувањето на водата<br>-известување на потрошувачите и давање соодветни препораки<br>-прекинување или ограничување на испрачувањето на водата<br>-поставување натпис **ВОДАТА НЕ Е ЗА ПИЕЊЕ**<br>-спроведување мерки за одстранување на загадувањето<br>-навремено известување на населението за прекин на вода | -опис на водоснабдителни објекти<br>-хлорирање и динамика на водата<br>-анализа на водата | ЈКП „Никола Карев Центри за јавно здравје | 2023 | / |
| 2. | **-Отстанување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата** | -заштита на населението и на животната средина со отстанување на отпадните води<br>-собирање на комунален смет од домакинставата<br>-превентивна | -начин и дистрибуција на отпадни води, тврдиот и течниот отпад<br>-собирање и динамика на смет, дистрибуција на отпадни води,<br>-задолжителна вакцинација | ЈКП „Никола Карев | 2023 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **околина** | заштита на вработените во ЈКП | | | | |
| 3. | **Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти и предучилишни и училишни установи** | -одржување на беспрекорни хигиенски услови<br>-следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи<br>-следење на здравствената состојба на учениците<br>-задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишните установи | -број на детски градинки и училишта<br>-капацитет на деца Број на вработени<br>-формирање комисија за следење на заразни заболувања<br>-правење досие за секое дете<br>-вршење здравствени прегледи на вработените<br>-соработка со здравен дом вакцинации | ЛС, училишта , детски градинки, центри за јавно здравје | 2023 | / |
| 4. | **Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението** | -Промоција и здравствена едукација на учениците и вработените за заразните болести | - Соработка со Здравен дом и ЦЈЗ<br>-одредување теми за едукативни предавања | -ЛС, ЦЈЗ,НВО, училишта | 2023 | / |
| 5. | **Превентивна дезинсекција и дератизација** | Спречување на појава на штетници, носители на заразни | -контрола на вектор преносливите болести со посебен акцент на комарци и крлежи<br>-мапирање санација, чистење на терен и отворени канали, исушување на застојни води и бари, соодветно одложување на комунален и друг отпад | ЛС,НВО, ЦЈЗ, | 2023 | 1.330.000,00 |
| 6. | **Систематски преглед на вработените во Општина Пробиштип** | Грижа за здравјето на вработените во Општина Пробиштип | Вршење здравствени прегледи на вработените | ЛС, Избрана здравстве на организац ија | 2023 | 60.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | СЕ ВКУПНО: | 1. 390.000,00 |

Средствата за реализирање на програмата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Пробиштип.

Инаку при планирање на Програмата, се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ 22/2010 и 136/2011) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната

**П О Д П Р О Г Р А М А**
**За спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2023 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА)**

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои општина Пробиштип предвидува да ги преземе во 2023 година за заштита на населението од заразни болести.

Заради заштатита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти ( комарци ) , општина Пробиштип ке врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија и тоа како ларвицидна така и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ке биде прилог кон програмата, како и ке презема мерки на запознавање на населението од опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти , со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ке се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ке го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци) , општина Пробиштип ке врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места , а по потреба и на други места доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ке се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ке го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2023 година во износ од 1.330.000,00 денари.

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2023 ГОДИНА**

| **Ред.бр.** | **Мерки за заштита на** | **Временка** | **Субјект кој ке ја** | **Потребни** |
|---|---|---|---|---|

| | населението | рамка на преземени мерки | спроведе мерката | средства во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мапирање на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација | Јануари | Општина Пробиштип(ЦРИПР), заедно со МЖСПП,ЦЈЗ,АХВ, ЦУК | / |
| 2. | Проценка на типот на средства и трошоците за набавка на средства за дезинсенција и дератизација | Февруари | ЦЈЗ и општина Пробиштип (ЦРИПР), | / |
| 3. | Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и дератизација | Февруари | Општина Пробиштип | / |
| 4. | Спроведување на ларвицидна дезинсекција | Март - Април (x 2) | Избран извршител | 60.000,00 |
| 5. | Адултицидно третирање против возрасни комарци на територијата на општина Пробиштип - од земја | Мај x 1, Јуни x 1, Јули x 2 Август x 1 | Избран извршител | 190.000,00 |
| 6. | Адултицидно третирање против возрасни комарци од воздух на територија на општина Пробиштип | Јули x 2 | Избран извршител | 800.000,00 |
| 7. | Дератизација | Октомври | Избран извршител | 250.000,00 |
| 8. | Печатење на инфо-материјали , дистрибуција и медиумска кампања | Април, мај, јуни, јули, август и септември | Општина Пробиштип(ЦРИПР), со МЖСПП, АХВ, НВО и др. | 30.000,00 |
| 9. | Извештај за спроведени активности | Мај, јуни, јули, август, септември, октомври и декември | Избран извршител до општина Пробиштип (ЦРИПР), | |
| **Вкупно :** | | | | **1.330.000,00** |

Забелешка: Цените се со вкалкулиран ДДВ 18 %.

Под-Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/15-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, расправајќи по Програмата за социјлана, детска и здравствена заштита, а по предлог на Комисијата за еднакви можности, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

1. Се задолжува Одделението за ЛЕР и заштит на животната средина и Градоначалникот на Општина Пробиштип, да поднесат иницијатива преку ЗЕЛЗС за преземање на мерки за дезинсеккција и третман на комарци на целата територија на Република Северна Македонија.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1072/15-2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ('Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6, 7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), а во врска со член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ” бр.32/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната :

**ПРОГРАМА**
**ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**
**НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП за 2023 година**

| | |
|---|---|
| РАЗВОЈНА ПРОГРАМА: | **Б. ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПРОБИШТИП** |
| ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ: | **БРАНКО СТАНОЈКОВСКИ, дипл.град.инг.** |
| ФУНКЦИЈА | **Раководител на ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ** |
| АДРЕСА: | **ЈАКИМ СТОЈКОВСКИ БР.1 ПРОБИШТИП** |
| ОЗНАКА НА БУЏЕТСКАТА ПРОГРАМА | **Ф10- ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** |
| ПОДПРОГРАМИ | **ПОДПРОГРАМА Ф1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** |
| ТЕЛЕФОН И ТЕЛЕФАКС | **032 483-131 032 483-047** |
| Е-МАИЛ: | **urbanizam@probistip.gov.mk** |

Цели на Програмата се:

- ефективно и одржливо управување со расположливите ресурси како просторот и животната средина, инфраструктурата, луѓето и финансиските средства
- уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата
- зголемен економски раст и вработување
- поголема атрактивност на просторот
- привлекување инвестиции и поттикнување на производството и развојот
- создавање услови за бизнис клима
- квалитативни промени во просторна, економска и социјална структура
-

**ПОДПРОГРАМА Ф1 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**

Одделението за урбанизам при Општина Пробиштип, планира да ги превземе следните активности во областа на урбанистичкото планирање за 2023 година:

1. **ИЗРАБОТКА НА НОВ ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ПРОБИШТИП**
   **(ГУП) СО РЕВИЗИЈА (П = 650 Ха)**

Имајки ги во предвид произлезените растечки потреби во доменот на домувањето, производни и непроизводни функции, спорт и рекреација, комунална инфраструктура, јавни дејности и заштита на животната средина, како и земајќи го предвид фактот дека постојниот ГУП на град Пробиштип е донесен во 1997 год. и неговата важност е веќе одамна измината како и тоа дека предвидените содржини во истиот се веќе исцрпени и недоволни за нараснатите потреби на граѓаните и стопанството на Пробиштип се наметна потребата од изработка на нов ГУП со нови содржини кои ги бара динамиката на времето на новосоздадените услови. Новиот ГУП на град Пробиштип секако ќе мора да биде со зголемена површина од постојниот од аспект на тоа што се наметнува потреба од нови површини со намена за домување како и за мало стопанство (лесна и незагадувачка индустрија). Согласно просторната местоположба на град Пробиштип и конфигурацијата на теренот идниот развој на градот е предвидено да се овозможи со зафаќање на нови површини со намена домување кон местото викано Грамади и Леговец а како дел наменет за идустрија кон селото Неокази каде и сега егзистираат постоечки капацитети за тешка и лесна индустрија.

2. **ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СО РЕВИЗИЈА**

**БЛОК 14.2 со површина од 6.74 Ха („центар - Гр. Парк„)**

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :

**А-ДОМУВАЊЕ,** А 1 - Домување во куќи, А1.1 – Станбени куќи – слободностоечки,А1.2 – Станбени куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи, А1.3 – Станбени куќи со споени ѕидови на меѓа од двете страни – куќи во низови, А1.4 – Станбени куќи со повеќе споени ѕидови на меѓа – атриумски куќи

А1.6 – Други станбени куќи – вили и слично, А2 – Домување во згради, А2.1 - Станбени згради – слободностоечки блокови и кули, А2.2 – Станбено-деловни згради – слободностоечки, во низи, во периметрална формација и други, А2.3 - Станбени згради во состав на сложени градби со други намени, А3 - Заедничко (групно) домување **Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и п + 1 кат) Б1.1 – Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство

Б1.2 – Работилници за поправка на предмети и уреди, сервиси за чистење облека и други сервиси

Б1.3 - Продавници за храна, минимаркети, гранапи и други продавници Б1.4 – Продавници за машини и опрема за домаќинство Б1.5 – Ресторани, кантини, кафеани, кебачилници,сендвичари
Б1.6 – Кафулиња, мали барови, бифеа, бистроа,пивници и пивски подруми, винарии и вински подруми Б1.7 – Слаткарници, патисерии, продавници на бели печива, мали пекари и фурни
Б1.8 – Банкарски експозитури, канцеларии за финансиски услуги, менувачници
Б1.9 - Пошти, поштенски канцеларии, канцелариизa прием на пратки,Б1.10 - Канцеларии за консалтинг и интелектуални услуги,Б1.11 – Адвокатски, нотарски и извршителски канцеларии
Б1.12 – Аптеки, продавници за козметика,Б1.13 - Мали ординации од сите медицински и стоматолошки области (стоматолошки, физиотерапевтски и слично) Б1.14 – Продавници за предмети, уреди, салони за мебел и други мали специјализирани продавници Б1.15 - Козметички салони, студија за нега на телото и слично,Б2 – Големи единици за трговија (над 200м2 и/или
повеќе од п + 1 кат), Б2.4 – Супермаркети, хипермаркети и други големи маркети,Б3 – Големи единици за угостителска дејност, Б3.1 – Ресторани,Б3.2 – Таверни,Б3.3 - Ноќни клубови,Б3.4 – Казина
Б3.5 – Дискотеки, Б5 – Хотели и хотелски комплекси,Б5.1 – Хотелски комплекси,Б5.2 – Хотели, градски хотели, станични хотели, аеродромски хотели, Б5.3 – Хотели во состав на деловни, конференциски и трговски комплекси. **Д- ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ**
**ПРОСТОРИ,** Д1 - Парковско и пејзажно зеленило, Д1.1 – Јавни градски паркови, зелени скверови
Д1.2 – Јавно урбано зеленило, Д1.3 – Урбани парк-шуми, приградски парк-шуми,Д1.4 – Арборетуми, ботанички бавчи, градини,Д1.5 – Урбани ледини, тревнати терени, Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, заштитно сообраќајно зеленило на крстосници и јазли, Д2.2 – Зелени тампон зони помеѓу некомпатибилни наменски зони
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини Д3.1 – Спортски терени на отворено, на трева, за
тенис, фудбал и други спортови, без трибини Д4 – Меморијални зелени простори и гробишта
Д4.1 – Меморијални паркови, Д4.2 – Меморијални простори со паметници во зеленило

**БЛОК 7.2 со површина од 11,0 Ха („Калниште„)**

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата
**А-ДОМУВАЊЕ,** А 1 - Домување во куќи, А1.1 – Станбени куќи – слободностоечки,А1.2 – Станбени куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи, А1.3 – Станбени куќи со споени ѕидови на меѓа од двете страни – куќи во низови, А1.4 – Станбени куќи со повеќе споени ѕидови на меѓа – атриумски куќи
А1.6 – Други станбени куќи – вили и слично, А2 – Домување во згради, А2.1 - Станбени згради – слободностоечки блокови и кули, А2.2 – Станбено-деловни згради – слободностоечки, во низи, во периметрална формација и други, А2.3 - Станбени згради во состав на сложени градби со други намени, А3 - Заедничко (групно) домување **Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**
Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и п + 1 кат) Б1.1 – Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство
Б1.2 – Работилници за поправка на предмети и уреди, сервиси за чистење облека и други сервиси
Б1.3 - Продавници за храна, минимаркети, гранапи и други продавници Б1.4 – Продавници за машини и опрема за домаќинство Б1.5 – Ресторани, кантини, кафеани, кебачилници,сендвичари

Б1.6 – Кафулиња, мали барови, бифеа, бистроа,пивници и пивски подруми, винарии и вински подруми Б1.7 – Слаткарници, патисерии, продавници на бели печива, мали пекари и фурни
Б1.8 – Банкарски експозитури, канцеларии за финансиски услуги, менувачници
Б1.9 - Пошти, поштенски канцеларии, канцеларииза прием на пратки,Б1.10 - Канцеларии за консалтинг и интелектуални услуги,Б1.11 – Адвокатски, нотарски и извршителски канцеларии
Б1.12 – Аптеки, продавници за козметика,Б1.13 - Мали ординации од сите медицински и стоматолошки области (стоматолошки, физиотерапевтски и слично) Б1.14 – Продавници за предмети, уреди, салони за мебел и други мали специјализирани продавници Б1.15 - Козметички салони, студија за нега на телото и слично,Б2 – Големи единици за трговија (над 200м2 и/или
повеќе од п + 1 кат), Б2.4 – Супермаркети, хипермаркети и други големи маркети,Б3 – Големи единици за угостителска дејност, Б3.1 – Ресторани,Б3.2 – Таверни,Б3.3 - Ноќни клубови,Б3.4 – Казина
Б3.5 – Дискотеки, Б5 – Хотели и хотелски комплекси,Б5.1 – Хотелски комплекси,Б5.2 – Хотели, градски хотели, станични хотели, аеродромски хотели, Б5.3 – Хотели во состав на деловни, конференциски и трговски комплекси. **Д- ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ**
**ПРОСТОРИ,** Д1 - Парковско и пејзажно зеленило, Д1.1 – Јавни градски паркови, зелени скверови
Д1.2 – Јавно урбано зеленило, Д1.3 – Урбани парк-шуми, приградски парк-шуми,Д1.4 – Арборетуми, ботанички бавчи, градини,Д1.5 – Урбани ледини, тревнати терени, Д2 – Заштитно и сообраќајно зеленило, Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, заштитно сообраќајно зеленило на крстосници и јазли, Д2.2 – Зелени тампон зони помеѓу некомпатибилни наменски зони
Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини Д3.1 – Спортски терени на отворено, на трева, за
тенис, фудбал и други спортови, без трибини Д4 – Меморијални зелени простори и гробишта
Д4.1 – Меморијални паркови, Д4.2 – Меморијални простори со паметници во зеленило

**БЛОК 7.1 со површина од 3,6 Ха („Калниште„)**

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата :
**А-ДОМУВАЊЕ,** А 1 - Домување во куќи, А1.1 – Станбени куќи – слободностоечки,А1.2 – Станбени куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи, А1.3 – Станбени куќи со споени ѕидови на меѓа од двете страни – куќи во низови, А1.4 – Станбени куќи со повеќе споени ѕидови на меѓа – атриумски куќи
А1.6 – Други станбени куќи – вили и слично, А2 – Домување во згради, А2.1 - Станбени згради – слободностоечки блокови и кули, А2.2 – Станбено-деловни згради – слободностоечки, во низи, во периметрална формација и други, А2.3 - Станбени згради во состав на сложени градби со други намени, А3 - Заедничко (групно) домување **Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**
Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и п + 1 кат) Б1.1 – Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинство
Б1.2 – Работилници за поправка на предмети и уреди, сервиси за чистење облека и други сервиси
Б1.3 - Продавници за храна, минимаркети, гранапи и други продавници Б1.4 – Продавници за машини и опрема за домаќинство Б1.5 – Ресторани, кантини, кафеани, кебачилници,сендвичари
| 6. | ***1<sup>ви</sup>Април - Ден на шегата-Пробиштипски маскенбал***<br>Дефиле и перформанс на групни маски од Пробиштип и повеќе градови во РМ и од Србија.<br>- Водител на настанот..................... 15.000,00<br>- Фотографирање на настанот... 4.000,00<br>- Рекламен материјал.....................20.000,00<br>- ПВЦ Украсни балони..................... 6.000,00<br>- Украсна шарена фолија...............6.000,00<br>- Манила конец во котор.................3.000,00<br>- Безопасна игла................................ 2.000,00<br>- Ластик (5м х 1 цм)............................ 1.000,00<br>- Огномет..................................................20.000,00<br>- Озвучување и осветлување, рампа (Во Злетово и Пробиштип)...................65.000,00<br>- Парични награди.............................70.000,00<br>- Печатење на дипломи, ваучери и обележја на персоналот................ 3.000,00<br>- Поставување на настанот на билборди ...................................................................30.000,00<br>- Сместување и храна на гости од Р. Србија...................................................... 40.000,00<br>- Ручек за гостите на манифестацијата................................30.000,00 | 315.000,00 | 30.000,00 | |
| 7. | ***3<sup>ти</sup> Април - Нападот на Пробиштип од страна на Третата ударна бригада.***<br><br>Набавка на свежо цвеќе.............. 3.000,00 | 3.000,00 | | |
| 8. | ***Одбележување на 27Април - Загинувањето на македонскиот револуционер Никола Карев - Полагање на цвеќе на спомен обележјето на местото на загинување*** | 4.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | ***Велигден - Велигденски хепенинг***<br>**Одбележување на најголемиот празник на православните христијани.**<br>Изложба на шарени велигденски јајца. Натпревар за избор на најшарено велигденско јајце проследено со културно уметничка програма. Место на настан: Градски плоштад<br>- Награди - грнчарија..........................6.000,00<br>- Парични награди..............................12.000,00<br>- Ваучери и Дипломи..........................1.000,00<br>- Украси .....................................................3.000,00<br>- Превоз на маси за настанот..........4.000,00 | 26.000,00 | | |
| 10. | ***Ѓурѓовден***<br>Покровителство на одбележувањето на денот на ромите. | 10.000,00 | | |
| 11 | ***9-ти мај - Ден на победата над фашизмот***<br>Место на настан:<br>- Дефиле на учениците од општинските училишта, посета на спомен бистата на Јаким Стојковски во центарот на градот читање на песни за паднатите борци и читање на реферат за значајот на овој празник и полагање на свежо цвеќе.<br>- Набавка на свежо цвеќе..............2.000,00 | 2.000,00 | | |
| 13. | ***18 Мај - Матурска забава***<br>Дефиле на матурантите на градскиот плоштад, прогласување на најдобриот ученик на генерацијата и обраќање на Градоначалникот и Директорот на средното училиште.<br>- Огномет................................................35.000,00<br>- Набавка на рози..............................12.000,00<br>- Балони со хелиум........................... 6.000,00<br>- Постер - позадина..........................15 .000,00<br>- Свечени украсни ленти.............. 3.725,00<br>- Поставување на рампа, озвучување и осветлување........................................32.000,00<br><br>Сттипендија за ученикот на генерација<br>- 2 x 2.000,00 x 5 m. = 20.000,00 + персонален данок 2.300,00 = 22.300,00<br>- 3 x 3.000,00 x 3m = 27.000,00 + ПД 3.000,00..................................................30.000,00 | 103.725,00<br><br>52.300,00 | | |
| 14. | ***Јуни - Јули - Лесновска ликовна колонија***<br>Организација на Меѓународната манифестација Лесновска ликовна колонија Место на настан: с. Лесново<br>- Набавка на храна и пијалоци | 100.000,00 | | |
| 15. | ***Културни настани во текот на летниот*** | 200.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***период (Меѓуопштинска соработка и други настани кои не се предвидени со програмата)***..................................100.000,00<br>Обезбедување на рампа, озвучвање, осветлување на настаните............................................100.000,00 | | | |
| 16. | ***2ри Август - Илинден, Ден на илинденското востание и првото заседание на АСНОМ***<br>Празникот ќе се одбележи во Злетово, а во соработка со месната заедница на Злетово.<br>Место на настан:<br>-Повеќенаменско игралиште<br>- Набавка на свежо цвеќе.................1.000,00<br>- Музички артист...............................40.000,00<br>- Рампа за позадина, осветлување, озвучување..............................................30.000,00<br>- Фотографирање и снимање на настан..........................................................3.000,00 | 74.000,00 | | |
| 17. | ***28ми Август - Голема Богородица ,ден на рударите и патрон на градот***<br>Свечена седница<br>Доделување на вредносни ваучери на ученици со освоени награди на републички натпревари.<br>Културни манифестации<br>(културно уметничка програма во рамки на „Неделата на спортот и културата")<br>„Рудар рок фест", Вечер со македонски ѕвезди, вечер со Балкански ѕвезди.<br>Место на настан:<br>Плато пред Дом на култура<br>Градски плоштад<br>- Печатење на Билборди, плакати, флаери за реклама на настанот.30.000,00<br>- Украсни кеси......................................  2.000,00<br>- Вечер на македонски евергрини<br>- Stend up комедија<br>Обезбедување на бина, озвучување, осветлување......................................100.000,00<br>Рудар рок фест<br>(Обезбедување на бина, озвучување, осветлување............................................60.000,00<br>Музички артисти...............................120.000,00<br>Освежување и храна на муз. артисти...................................................30.000,00<br>Вечер со македонски ѕвезди<br>- Ангажман на музички артисти, вечер на македонска музика ..........700.000,00<br>- Ангажман на водител........... 20.000,00<br>Обезбедување...................................70.000,00<br>Балканска вечер<br>-Предгрупи.......................................100.000,00<br>-Голема бина со расвета, дисплеј и со | 1.892.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | озвучување х 2 дена......................200.000,00<br>Изнајмување на инструменти..........................................24.000,00<br>Свечена седница<br>- Ангажирање на музички артисти................................................100.000,00<br>- Рампа, озвучување и осветлување.....................................30.000,00<br>- Свечен коктел.................................60.000,00<br>- Изнајмување на соби за одмор и спремање на музичките артисти..................................................20.000,00<br>- Храна и пијалаци на ангажираните музички артисти..............................30.000,00<br>- Фотографирање и снимање на манифестацијата..........................10.000,00<br>- Превоз на маси, инвентар, реквизити за 26 и 27.08.2019.................................. 6.000,00<br>- Изнајмување на безбедносна ограда......................................................20.000,00<br>- Превоз на безбедносна ограда.......................................................20.000,00<br>- Доделување на вредносни ваучери на ученици и ментори кои имаат освоено прво, второ или трето место на републички или меѓународен натпревар.........................................100.000,00<br>- Доделување на трофеи (златни плакети и специјална плакета) на свечената седница....................................................40.000,00 | | | |
| 18. | ***Почеток на учебната година***<br>(Редоследно, секоја година се одбележува почетокот на учебната година во едно од основните општински училишта. На настанот присуствува Градоначалникот)<br>Дидактички материјали за сите првачиња на територија на општина Пробиштип.............................................40.000,00 | 40.000,00 | | |
| 19. | ***8ми Септември - Ден на ослободувањето на Пробиштип и ден на независноста и самостојноста на Република Македонија***<br><br>- Набавка на свежо цвеќе.................3.000,00<br>- Набавка на знамиња и внатрешни јарболи.....................................................50.000,00 | 53.000,00 | | |
| 20. | ***5 Октомври - Ден на учителот/учителката***<br>Прогласување на најистакнати наставници за претходната учебна година<br>Место на настан:<br>Сала на Совет на општина Пробиштип<br>- Набавка на свежо цвеќе.................3.000,00<br>- Печатење на благодарници и набавка на свечени папки...................................2.000,00 | 5.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21. | ***Октомври***<br>***Детска недела***<br>(Прием на првачињата од страна на Градоначалник на општина Пробиштип.......................................... 6.000,00 | 6.000,00 | | |
| 22. | ***11-ти Октомври - Ден на востанието во РМ***<br>Место на настан:<br>Споменици од НОБ<br>Набавка на свежо цвеќе...................2.000,00 | 2.000,00 | | |
| 23. | ***23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба***<br>- Литературно читање<br>Набавка на цвеќе...............................2.000,00 | 2.000,00 | | |
| 24. | ***8 Декември - Св. Климент Охридски***<br>Фото изложба по Конкурс за најдобра фотографија со мотиви од општина Пробиштип<br>- Парични награди.............................13.000,00<br>- Печатење на Благодарници и ваучери....................................................2.000,00<br>- организациски трошоци............2.000,00<br>_ Музички настап.......................... 20.000,00<br>Озвучување.......................................10.000,00 | 47.000,00 | | |
| 25. | ***31-ви Декември - Нова Година***<br>Новогодишна приредба - Дедо мраз меѓу пробиштипјани и злетовчани<br>- Набавка на бонбони........................30.000,00<br>- Хонорар - Дедо Мраз...................... 10.000,00<br>- Набавка на чоколади и сокчиња за дечињата кои ќе го посетат Градоначалникот...6.000,00<br>- Фотографирање и снимање на манифестацијата...................................6.000,00 | 46.000,00 | | |
| 26. | ***-Превоз на учесниците од Пробиштип*** на Струмичкиот карневал.........20.000,00 -<br>Прилепскиот карневал...............30.000,00<br>-Радовишки карневал.................. 15.000,00<br>- Кавадаречки карневал.............20.000,00<br>- Храна (сендвичи и вода)..........30.000,00 | 115.000,00 | | |
| 27. | ***Поддршка на невладини организации кои се бават со дејноста култура и одбележување на одредени значајни датуми од нашата историја, а кои ќе бидат вклучени во одбележувањето на општински празници и културни манифестации или ќе ја претставуваат општината на некоја значајна манифестација.*** | 50.000,00 | | |
| 28. | ***Поддршка на Месни заедници во областа на културата*** *(манифестации, настани)* | 50.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 29. | ***Поддршка на општинските училишта за реализирање на активности од Стратегијата на општина Пробиштип за Меѓуетничка интеграција во образованието*** *(Овие средства ќе се искористат претежно како поддршка за патување на учениците до нивните партнер училишта во рамки на државата)*<br>*- 3 Училишта x 30.000,00 денари* | 100.000,00 | | |
| 30. | ***Други потребни работи за потреби на општина Пробиштип***<br>*- Врамување на слики......................36.000,00*<br>*- Резбана кутија со ликот на Св. Гаврил Лесновски и Св. Гаврил Светогорец (за подарок)....................................................36.000,00*<br>*Резбана кутија за накит (за подарок)...................................................36.000,00* | 108.000,00 | | |
| 31. | ***Презентација на општина Пробиштип*** | 240.000,00 | | |
| | ***ВКУПНО :*** | **4.187.025,00** | **90.000,00** | |
| | ***СЕ ВКУПНО:*** | **4.277.025,00** | | |

За реализирање на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Пробиштип. Дел од средствата ќе бидат обезбедени преку спонзорство. Во реализацијата на оваа програма ќе се вклучат Основните училишта, Средното училиште, Детската градинка, Домот на култура и други установи и организации од општина Пробиштип. Секако програмата ќе се изреализира доколку условите (Светска енергетска криза) го дозволува тоа. Инаку при планирање на Програмата, се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/23
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на општина Пробишти на седницата одржана на ден 124.11.2022 година, ја усвои следната:

**П Р О Г Р А М А**

**За спроведување на активности на спортските друштва во општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2023 година**

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.

Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови. Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Од јавен интерес е

- поттикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- поттикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- Одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.

- што се тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности , организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги дебнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Пробиштип настојува да ја оддржи и продолжи спортската традиција кај Пробиштипјани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

Од страна на општина Пробиштип до спортските здруженија кои што ги имаше во програмата за 2022 година, се достави барање во кое општината бара од здруженијата финансиска програма за активности во 2023 година. За сите останати спортски здруженија кои не беа предвидени во програмата за изминатата 2022 година и здруженија кои во меѓувреме се регистрирани упативме јавен повик преку локалните медиуми, на ВЕБ страната на Општина Пробиштип и преку фејсбук профилот на општината. Од нивна страна беше позитивно одговорено на барањето и до општината беа доставени нивните финансиски програми за активности во 2023 година. Врз основа на доставените програми, а и однапред утврдените критериуми од страна на Одделението за јавни дејности како што се:

- Лига во која се натпреваруваат спортските друштва;
- Настапи на меѓународни, републички, регионални, општински натпревари, првенства, купови, турнири.
- Постигнати резултати
- Опфат на спортисти

Но и со намера спортот во Пробиштип да се развива и омасовување на истиот, гледавме максимум што може од расположивите средства да ги намениме за спортските друштва, за да можат што поуспешно да функционираат.

До Општина Пробиштип Програми Програми доставија шест спортски екипи, еден општински сојуз, едно спортско риболовно друштво и едно здружение на училишни спортски друштва. Од скромните средства со кои располага општината, дел од тие активности ќе бидат помогнати од Буџетот на општина Пробиштип, а секако и врз основа на покажаните резултатаи во изминатата година и тоа:

**КК "ПРОБАСКЕТ"**, за да функционира овој спортски клуб во рамки на натпреварите на младите категории (женски и машки), кои што опфаќаат голем број на млади спортистки кои што се натпреваруваат во рамки на младинската лига во РМ, а со цел да им помогнеме на младите кошаркари кои што редовно пријавуваат учество во младинска лига , но и имаат резултати предвидовме средства во износ од ....................**100.000,00 денари.**

**ОК " ВЕСНА ПРОБИШТИП" -** од причина што опфаќа повеќе категории кои ќе претставуваат идни успешни одбојкари во ОК „ Весна Пробиштип", од општинскиот буџет се предвидени со поддршка од ........**450.000,00 денари.**

**ФК „РУДАР 1947"** кој од минатата година повторно ни се врати и годинава настапува со една оптимистичака програма и голема намера да се врати на старото место во времето во кое што сееше успеси и имаше одлични резултати, а со самото тоа и претставуваше пробиштипска гордост. Сега во моментот се натпреварува во трета МФЛ - исток лига, но со големи амбиции да напредува. Фудбалските младински категрии се обединија сите околу овој наш култен клуб и искрено се надеваме дека од таму ќе произлезат одлични фудбалери, зошто паметиме колку многу млади фудбалери се произлезени од овој спортски клуб. Од таа причина, а се со цел успешно функционирање на овој бренд на Пробиштип, општината ќе го поддржи со ...................................................................... **1. 000.000,00 денари**.

**„ЗУСДП" ПРОБИШТИП** за активности во рамки на училишниот спорт доби поддршка доколку организира спортски настани (републички натпревари и сл.) во износ од ...........................................................................................................................**40.000,00 денари.**

**СРД „ЗЛЕТОВИЦА"** во рамки на своите активности се залагаат за пред се за чиста и здрава животна средина, чисти води и порибување и зголемување на рибниот фонт преку порибување. За успешна реализација на зацртаните активности од буџетот на Општина Пробиштип се предвидуваат средства во износ од ..................................................................................................................................**150.000,00 денари.**

**„ВАДО КАРАТЕ" ДО УНИЈА,** карате клубот за поуспешно реализирање на зацртаните активности е поддржан од Буџетот на Општина Пробиштип со средства во износ на............................................................................................ **150.000,00 денари.**

**СПД ПРОБИШТИП** во рамки на нивните предвидени активности планиаат низа на планинарски тури и акции за расчистување на планински патеки и пошумување на одредени делници за што ќе бидат поддржани од страна на општина Пробиштип со средства во износ од ..............................................................................................**60.000,00 денари.**

Од страна на **Милица Јакимовска од ОК „ПРОВОЛЕЈ 05"** е доставена мошне интересна Програма, која ја опфаќа женската популација, особено од повозрасните категории на наши сограѓанки кои преку низа на активности ќе бидат анимирани во што поголем број (ќе вежбаат, ќе се дружат, ќе имаат корективни вежби, а за помладите аеробик вежби, натпревари во баскет и прошетки со розови маички како поддршка на борбара против ракот на дојка и сл. работи).......................**35.000,00 денари.**

Општина Пробиштип има неколку **боди билдери** кои што се натпреваруваат во разни Боди билдинг натпревари, каде што постигнуваат и резултати, а на тој начин и достојно ни ја претставуваат општината. Од таа причина за нив предвидовме средства за поддршка во износ од.........................................................................**100.000,00 денари.**

**Мото клуб „Црни орли" Пробиштип** клубот дополнително е предвиден за поддршка од буџетот на општина Пробиштип со ...............................**80.000,00 денари.**

Што се однесува до традиционалните **турнири во мал фудбал** кои се

одржуваат под покровителство на Општина Пробиштип и тоа: **Илинденски и 28 августовски** за нивна реализација од буџетот на општина Пробиштип се предвидени (Илинденски.......90.000,00 и 28 августовски 147.700,00 денари или) ........................................................................................................................................**237.700,00 денари.**

Во делот на спортски турнири во мал фудбал, на барање од страна на МЗ на с. Ратавица, и годинава во програма го ставаме традиционалниот **турнир во мал фудбал** што се одигрува **во с. Ратавица по повод верскиот празник „Света Троица**", а од општинскиот буџет ќе биде поддржан со средства во износ од ...............................................................................................................................................**45.000,00 ден.**

За организирање и реализација на **тенискиот турнир "Пробиштип ОПЕН"** , а во чест на 28-ми Август, кој исто така е под покровителство на општината потребно е да се предвиди во Буџетот со средства од ...............................................................................................................................................**40.000,00 ден.**
Традиционалниот **турнир во баскет**, кој се одржува по повод 28 август, а е под покровителство на општината е предвиден со ..............................................**50.000,00 ден.**

На крајот на годината, а со цел да им дадеме на значај на сите оние кои што се истакнале на некој начин во спортот, индивидуално или екипно им доделуваме награди на истакнати спортисти и спортски екипи, односно прогласуваме најдобри спортисти во следниве категории:

- Спортист/ спортистка на годината кој се натпреварува во рамки на општина Пробиштип
- Спортист/спортистка на годината кој се натпреварува надвор од општина Пробиштип и
- Спортски клуб на годината.

Според следните критериуми:
Со својата игра се истакнале во текот на целата натпреварувача сезона и постигнале низа на резултати, а со својата игра придонеле во успехот на спортските клубови или како поединци се стекнале со некоја награда. Да се активни спортисти кои имаат значителна минутажа во рамки на спортските клубови. Да се членови на сениорски репрезентативни тимови.
За спортистите се предвидени парични награди во износ од 15.000,00 денари, а за спортскиот клуб 30.000,00 денари, а заедно со организациските трошоци се предвидени вкупно..............................................................................................**127.400,00 ден.**

Од причина што во текот на годината се случуваат одредени настани кои ние сега во моментот не можеме да ги предвидиме, а се во организација на спортски друштва или институции во Република Македонија, а се од голема важност за развојот на спортската култура во градот, а и воопшто - промоција на Пробиштип надвор од границите на општината и на државата, за тие настани кои ќе се случуваат инцидентно се предвидени средства за нивна подршка во износ од ............................................................................................................................................**50.000,00 денари.**

За подршка на новоформирани спортски клубови во текот на годината и за нивно профункционирање предвидовме подршка од ...........................**50.000,00 денари.**
Во Програмата за спорт предвидовме и доделување на награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари на спортски клубови или поединци кои имаат истакнати успеси, односно освоени награди на највисоко државно ниво. За таа намена од Буџетот на општината издвоивме.................................. **100.000,00 денари.**

За одржување и мали интервенции на спортските објекти и спортски терени предвидени се средства во износ од ...........................................................**60.000,00 денари.**

Или табеларно прикажано во делот на барани средства од страна на спортските здруженија и клубови и предвидени средства од страна на општината состојбата е ваква:

**Подпрограма ЛО – Поддршка на спортски клубови и спортски турнири во организација на Општина Пробиштип**

| Р.б. | Планирани активности и проекти | Финансирање | | |
|---|---|---|---|---|
| | | буџет | донација | друго |
| 1 | КК „ПРОБАСКЕТ" | 100.000,00 | | |
| 2. | ОК „ ВЕСНА ПРОБИШТИП" | 450.000,00 | | |
| 3. | ФК „РУДАР 1947" | 1.000.000,00 | | |
| 4. | „ЗУСДП" Пробиштип | 40.000,00 | | |
| 5. | СРД „ЗЛЕТОВИЦА | 150.000,00 | | |
| 6. | „ВАДО КАРАТЕ" ДОО УНИЈА | 150.000,00 | | |
| 7. | СПД „ПРОБИШТИП" | 60.000,00 | | |
| 8. | ОК „ПРО ВОЛЕЈ"<br>Милица Јакимовска | 35.000,00 | | |
| 9. | Боди билдинг | 100.000,00 | | |
| 10. | Мото клуб „Црни орли" | 80.000,00 | | |
| 11. | Турнир во мал фудбал по повод<br>„2 Август,,<br>Награди.......................................62.300,00<br>Организациски трошоци (дипломи, пехари, фудбали)........................ 7.700,00<br>- Печатење на маици..................10.000,00<br>- Освежителни пијалаци.............10.000,00 | 90.000,00 | | |
| 12. | Турнир во мал фудбал по повод<br>„28 Август"<br>Награди.......................................120.000,00<br>- Организациски трошоци (дипломи, | 147.700,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | пехари, фудбали)........................ 7.700,00<br>- маици........................................20.000,00 | | | |
| 13. | Турнир во мал фудбал по повод верскиот празник „Света Троица“ во с. Ратавица<br>Награди.......................................32.000,00<br>Судии - хонорар.......................... 8.000,00<br>Пехари/дипломи, фудбали..........3.400,00 | 45.000,00 | | |
| 14. | Турнир во тенис<br>Награди.........................................32.000,00<br>Водички за освежување............... 3.000,00<br>Трофеи..........................................4.000,00<br>Печатење на дипломи................. 1.000,00 | 40.000,00 | | |
| 15. | Street ball - (турнир во баскет)<br><br>Награди за екипите (машки/женски)..........................32.000,00<br>Пехари........................................ 3.000,00<br>Печатење на дипломи, Благодарници............................. 2.000,00<br>Маици..........................................10.000,00<br>Водички за освежување............. 3.000,00 | 50.000,00 | | |
| 16. | Избор на спортисти/ ски и спортски клуб на годината<br>Избор на спортист/ска на годината во повеќе категории:<br>Најдобар/добра спортист/спортистка кој/која се натпреварува во спортски клуб или самостално во општина Пробиштип.<br>Најдобар спортист/ спортистка кој/која се натпреварува во спортски клуб или самостално надвор од опшина Пробиштип<br>и<br>Спортски клуб на годината<br>Најдобар спортист/спортистка - во општина Пробиштип..................................16.700,00<br>Најдобар спортист/ спортистка надвор од општина Пробиштип..................................16.700,00<br>Најдобра спортска екипа............30.000,00<br>Трофеи/благодарници/дипломи.30.000,00<br>Коктел..........................................30.000,00 | 127.400,00 | | |
| 17. | Поддршка на спортски манифестации кои ќе се одржат во нашата општина и надвор од општината во други градови на Македонија и надвор од неа. | 50.000,00 | | |
| 18. | Подршка на новоформирани клубови во текот на 2023 година и на поединци - спортисти за искажани активности. | 50.000,00 | | |
| 19. | Награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари | 100.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20. | Оддржување и мали интервенции на спортските терени во општина Пробиштип | 60.000,00 | | |
| ***ВКУПНО ЛО:*** | | **2.925.100,00** | | |
| ***СЕ ВКУПНО*** | | **2.925.100,00** | | |

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Пробиштип.

Средствата предвидени во Буџетот на општина Пробиштип не се доволни за да ги покријат сите потреби на спортските друштва, од таа причина ги охрабруваме да бараат спонзори кај приватните стопанственици, односно да не се базираат на средствата од Буџетот на општината од причина што располагаме со скромни средства за оваа намена, а и во секој случај и на нив ќе им биде многу подобро доколку се потрудат и најдат спонзори кои ќе им ги покријат трошоците.

Општина Пробиштип настојува, секако во рамките на своите можности да организира турнири на кои најголеми конзументи секако се младите, со што сакаме да ги насочиме кон спортот и спортските активности, а воедно сите спортски игралиштаи објекти со кои располагаме да ги ставиме во функција на љубителите на спортот и што повеќе да ги користат.

Инаку при планирање на Програмата, се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/24 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип) 4/2005, 25/2014, 14/2019 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја усвои следната:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

Со законот за еднакви можности се уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите. Целта на овој закон е воспоставување на еднакви можности помеѓу мажите и жените во политичката, економската, социјалната, образовната културната, здравствената, граѓанската област од општествениот живот.

Општина Пробиштип и Комисијата за еднакви можности (КЕМ) ќе работат на унапредување на состојбата на жените на локално ниво на реализирање на стратешките цели на Законот за еднакви можности на жените и мажите и на вклучување на родовиот концепт во програмите во секоја област.

Општина Пробиштип и Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Скопје, (ЖГИ АНТИКО) потпишаа Меморандум за соработка и дадоа стручна поддршка преку

ангажирање на надворешен експерт, кој го фацилитираше партиципативниот процес на развивање на Стратегија (2020-2024) во рамки на проектот „ГО-Промотори на дијалог, акција, креирање локални политики" финансиски поддржан од програмата Цивика Мобилитас. Целта на остварената соработка е давање на заеднички придонес во промовирањето и унапредувањето на родовата рамноправност и подеднаквата вклученост на родовите-половите во креирањето на јавните политики, размената на информации и најдобрите практики во процесот на создавање на еднакви можности за жените и мажите во заедницата.

Општина Пробиштип согласно потпишаниот Меморандум за соработка со Центар за истражување и креирање политики за Проект „Низ женски леќи" , покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост беше дел од проектот кој даде предлог на родово одговорни мерки за вклучување во програмите преку одржани форумски сесии и изготвена предлог буџетска анализа. Со реализација на активностите ќе се продолжи и во 2023 година бидејќи временската рамка на проектот е до 2024 година.

Општина Пробиштип врз основа на добиената менторска поддршка од мтсп во насока на имплементирање на законската регулатива и стратешките документи на Владата на РСМ., како што е Законот за еднакви можности на Мажите и жените и Стратегијата за родова се помогна на општинската администрација во креирање на политики со вклучување на родовата перспектива во локалните политики во општина Пробиштип. За реализација општина Пробиштип беше формирана работна група за изработка на ЛАП. Изготвен е тригодишен акциски план за родова еднаквост во општина Пробиштип за период 2022-2024 година.

Во програмата за 2023 година ги предвидуваме следните мерки и активности кои се дел од тригодишниот акциски план за родова еднаквост и стратегијата за родова еднаквост.

| Р. Б | Мерка | Активност | Одговорни инситуции | Индикатори | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Унапредување на еднаквоста и родовата перспектива при креирање на програмите | Обука за членови на КЕМ Обука за општинска администрација за РОБ и преку ангажирање | Координатор и заменик координатор за еднакви можности КЕМ, локални граѓански организации, Меѓународни организации надворешни експерти ЗЕЛС | Број на одржани обуки/обучени лица | 25.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на експерти и други оперативни расходи | | | |
| 2. | Јакнење на капацитетите на механизмите за унапредување на еднаквоста | Обука за членови на КЕМ<br>Обука за општинска администрација за родова статистика и родови индикатори преку ангажирање на експерти и други оперативни расходи | Координатор и заменик координатор за еднакви можности КЕМ, локални граѓански организации, Меѓународни организации надворешни експерти ЗЕЛС | Број на одржани обуки/обучени лица | 25.000,00 |
| 3. | Развој на дата база за родово-разделена статистика | Собирање на податоци од одделенија по пол и корисници<br><br>Соработка со ЗЕЛС за развој на платформата за родова статистика | КЕМ, сите одделнија, релевантни институции, координатор и заменик координатор за еднакви можности | Делумно собирање на податоци по пол | / |
| 4. | Континуирано следење на годишните програми и степен на нивна реализација од перспектива на корисници | Годишни извештаи до МТСП/Сектор за еднакви можности и партиципативно креирање на годишни програми<br>Анализа на резултатите по пол и корисници<br>Дефинирање на родови | КЕМ, сите одделнија, релевантни институции, координатор и заменик координатор за еднакви можности | Нема целосна слика за резултат врз корисници | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | индикатори за предложените мерки | | | |
| 5. | Спроведување на други видови на законски мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите Потпишување на меморандуми за соработка | Утврдување на целите, истражување, собирање на податоци за тоа кои се се можни партнери , комисии и организации за соработка | КЕМ, нво , координатор и заменик координатор за еднакви можности | Реализација на целите произлезени од ЗЕМ Утврдени цели и идентификувани партнери за соработка | / |
| 6. | Превенција и спречување на врсничко насилство (Булинг), семејно насилство, сајбер насилство | Едукативни активности , предавања во училиштата | КЕМ, НВО , ОО „Црвен Крст “ координатор и заменик координатор за еднакви можности | Број на одржани едукативни предавања | / |
| 7. | Надминување на стереотипи, предрасуди и дискриминација врз основа на пол | Едукативни настани, работилници во училиштата Едукација на млади | КЕМ, НВО локални граѓански организации,координатор и заменик координатор за еднакви можности | Број на одржани едукативни предавања | 5000,00 |
| 8. | Подигнување на свеста за водење на грижа за здравјето кај мажите и жените во | Едукативни предавања за превенција на машки и женски болести, | КЕМ, НВО, координатор и заменик координатор за еднакви можности, локални граѓански организации, ЦСР, ОО„Црвен Крст“ Здравен дом | Недостиг на едукација | 15.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | општина Пробиштип | | Пробиштип | | |
| 9. | Креирање на услови за управување со менструална хигиена во училиштата и намалување на менструалната сиромаштија | Едукативни активности во училиштата за важноста од грижа за менструална хигиена преку ангажирање на експерти и други оперативни расходи | НВО, локални граѓански организации, КЕМ координатор и заменик координатор за еднакви можности нво , ЦСР, Здравен дом Пробиштип, Училишта | Недостиг на едукација | 30.000,00 |
| 10. | Здравствено едуцирање и организрање на превентивни активнсоти на населението | Активности, јавни трибини, настани , кампања за превенција од болести | КЕМ координатор и заменик координатор за еднакви можности нво , ЦСР, Здравен дом Пробиштип ОО„ЦРвен Крст“ локални граѓански организации | Недостиг на едукација | 0,00 |
| | ВКУПНО | | | | 100.000,00 ДЕН |

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/25 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

**ПРОГРАМА**
ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

Националната стратегија за превенција на детското претстапништво престставува насока , ориентација која ќе ја постави и базата за подготовка на оперативни планови. Оваа Национална стратегија произлегува од Законот за малолетничка правда .

Со цел унапредување на мерките на заштита на малолетникот како жртва на кривични дела и на мерките за превенција на малолетничкото престапништво, РСМ отиде чекор напред и донесе посебен Закон за малолетничка правда со кој се уредуваат

постапувањето со децата во ризик и малолетните сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци. Со овој закон се определија условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни и алтернативни мерки и за казнување на малолетниците, положбата, улогата и надлежноста на органите што учествуваат во постапувањето со деца во ризик и малолетни сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни.

Целите на овој закон и на неговата примена се остварување на приоритетен интерес и заштита на малолетниците од криминал, насилство и на кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на малолетните сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела и прекршоци од поврат, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за малолетниците и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на РСМ, Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни договори за положбата на малолетниците во системот на правда, ратификувани согласно со Уставот на РСМ.

Општинскиот Совет за превенција од малолетничко престапништво на општина Пробиштип е тело преку кое се операционализира Националната стратегија за превенција од малолетничко престапништво и Општинскиот совет врши проценка на состојбите на локално ниво,ги идентификува факторите на ризик и заштитните фактори,како и потребите на локалното население ја координира работата со сите релевантни фактори, образование, здравство, социјална заштита, полиција, семејството и собира податоци за состојбата со малолетничкото престапништво.

Активности за реализација во 2023 година на Општинскиот совет за превенција од детско престапништво се:

-Соработката на општинскиот совет за превенција од детско претстапништво со основните и средни училишта во општина Пробиштип

-Воведување и реализирање на програмско- наставни едукативни содржини во училиштата

-Одржување на информативно-едукативни средби

-Подигање на свеста за проблемот на малолетничкото претстапништво низ поттикнување на активен дијалог и соработка со релевантни институции

-Организирање на јавни расправи во соработка со лица стручни –педагози, психолози, социјални работници

| Р.б | Активности | Цели | Задачи | Носители |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сензибилизација, дијалог со учениците од основните и средни училишта | Подигање на свеста на учениците за проблемот со малолетничката деликвенција | -организирање на едукативни предавања | Општина Пробиштип, училишта , совет на родители,полиција,цср |
| 2. | Учество во реализација на активности со други Н.В.О., тела кои се занимаваат со оваа проблематика | Едукација на релевантните фактори за малолетничката деликвенција | Организирање на едукативна работилница | Општина Пробиштип Н.В.О. училиштата ,полиција,цср |
| 3. | Спортско- рекративни активности | Подигање на свеста на учениците за малолетничката деликвенција | Организирање на спортско – рекреативни активности (натпревари) | Општина Пробиштип ,училишта ,полиција,цср |
| 4. | Информативни | Подигање на | | Општина Пробиштип |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | средби во соработка со релевантни институции | свеста за малолетничката деликвенција | Организирање на средби | училишта ,Н.В.О, Ц.С.Р.МВР,јавен обвинител ,општински совет за превенција ,полиција, цср |
| 5. | Едукативни работилници , предавања во основните и средни училишта | Подигање на свеста за малолетничката деликвенција | Организирање на едукативни предавања поврзани со судската постапка за сторени кривични дела | Општина Пробиштип училишта ,Н.В.О, Ц.С.Р.МВР,јавен обвинител ,членови на општински совет за превенција на детско претстапништво полиција, |

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/26 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 21 став 1 точка 6 ,7 и 11од Статутот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ЛЕР**

| **Бр** | **Планирани активности и проекти** | **Финансирање** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Сопствен буџет | **донација** | **друго** |
| 1 | Формирање на нов Економски Совет, со вклучување на претставници од бизнис заедницата, невладини организации, истакнати општествени чинители. Изготвување на заедничка економска стратегија за општина Пробиштип. | | Очекуваме активноста да биде реализирана како донација. | |
| 2 | Подготовка на проектни апликации преку Програма за подршка на руралниот развој | | | Без финансиски импликации |
| 3 | Подготовка на апликации на сите отворени повици | | . | Без финансиски импликации |
| 21. | Подготовка на проектни апликации по објавен повик за прекугранична соработка | | | |
| 23. | Изработка на електронска верзија. | | | Без финансиски импликации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Изработка на стратегија за младински политики | | Донација | |
| | Изработка на стратегија за туризам | | Донација | |
| | Анализа и предлози на основни проекти за во иднина( тука сме многу слаби со готови проекти) Лер да направи една анализа за изработка на проекти да собере информација од сите одделенија и институции | | | Без финансиски импликации |
| ***ВКУПНО Програма ЛЕР*** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Стратегија или акционен план за енергетска ефикасност на сите јавни установи | | донација | |
| ***ВКУПНО*** | | | | |

**Подпрограма за заштита на животната средина**

| рб | Планирани активности и проекти | Финансирање | | |
|---|---|---|---|---|
| | | буџет | донација | друго |
| 1 | Санација и рекултивација на стара јаловишна депонија. | | | Изготвен е проект за санација и рекултивација чија вредност е 246 000 000 денари. Има заинтересирани инвеститори за санација и инвестирање во фотоволтаични системи за производство на електрична енергија, |
| 2 | Реализација на активности за чистење на диви депонии и уредување на зелени површини во соработка со ЈКП и граѓански активисти со подеднаква застапеност на мажи и жени. | | | Посебен акцент на рекреативна патека Пробиштип-Добрево и комплетно чистење на дива депонија на фудбалско игралиште Јагнило |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Организирање на заеднички настани со училиштата на територија на општина Пробиштип за подигање на еколошката свест кај младите, изработка на флаери , брошури. | | | |
| 7. | Изработка на елаборати за проценка на влијанието врз живпотната средина. | | | За целата проектно техничка документација со која општина Пробиштип аплицира за добивање на финансиски средства, елаборатите за проценка на влијанието врз животната средина ги изработуваме сами без финансиски импликации. |
| 9. | Изработка на програма за енергетска ефикаснот 2022-2024 | | | |
| | Изработка на ЛЕАП | 190.000 | | |
| | ***ВКУПНО*** | | | 190.000 |

**Подпрограма за подршка на локални здруженија на граѓани**

| рб | Планирани активности и проекти | Финансирање | | |
|---|---|---|---|---|
| | | буџет | донација | друго |
| 1 | Подршка на предлог проекти на локални здруженија на граѓани по претходно објавен јавен повик.<br>Реализација на активност од Акцискиот план за родова еднаквост. | 110.000 | | |
| 2 | Отворање на Младински центар | 600.000 | | |
| 3 | Реализација на активности и програма за работа на Совет на Млади | 60.000 | | |
| | ***ВКУПНО :*** | | | 810.000 |

Програмата стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип и ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/27 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на општина Пробиштип бр. 4/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општинаПробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), а во врска со член 83, 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен Весник на РМ бр.37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008;161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014;56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016; 119/2016; 21/2018; 113/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19), Советот на општина Пробиштип на седницата што се одржа на ден 24.11.2022 година го донесе следниот:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ**
**во Општина Пробиштип за 2023 година**

Со цел извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на општина Пробиштип се планира чистење на банкини, патни канали, патниот појас на локалната патна мрежа во општина Пробиштип, кастрење на вегетација и чистење на наноси од земја и песок.

Напред наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината, заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Јавни работи ќе се изведуваат на следните локални патишта и улици:
1. Локален пат Пробиштип – Ратавица - Злетово
4.Локален пат Пробиштип - с.Плешенци – с.Горни Стубол
5. Локален пат с.Долни Стубол – с.Стрисовци
5. Локален пат Стрмош - Дренак
6. Локален пат Пробиштип - с.Марчино
7. Локален пат Злетово - с.Турско Рудари - с.Шталковица
9. Улица „Миро Барага"
10. Локален пат - с.Лезово - с.Трооло
11. Пешачки патеки во градот Пробиштип
12. Фудбалски и тениски терени во Пробиштип
13. Пешачки патеки и спортски терени во Злетово
14. Локалитет Лесново

Како партнер учесник во реализацијата на планот за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2023 година ќе биде ЈКП „Никола Карев" – Пробиштип, кој ќе придонесе со опрема и механизација за извршување на јавните работи.

За извршување на наведените програмски активности ќе бидат ангажирани најмногу 7 лица со скратено работно време од 6 часа дневно односно 30 часа неделно за период од најмногу 11 месеци. За времето и бројот на ангажираните лица ќе одлучи Градоначалникот во зависност од потребите за вршење на јавните работи. Ангажираните

лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување кои ќе бидат избрани врз основа на јавен оглас.

Општина Пробиштип како организаторот на јавни работи од буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи кои се однесуваат на алат и опрема, ситен потрошен материјал и надоместок за извршување на јавните работи.

Финанасиски средства потребни за реализација на програмата се:

1. 7 лица x 11 месеци x 9.000 денари надоместок/месец = 693.000,00 денари
2. 7 лица x 11 месеци x 1000 денари персонален данок/месец = 77.000,00 денари
3. 7 лица x 11 месеци x 633 денари осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување/месец = 48.741,00 денари
4. Трошоци за набавка на алат и заштитна опрема (лопати, копачи, колички, елеци, ракавици и сл.) = 60.000,00 денари
5. Вкупно потребни средства за реализација на планот = 878.741,00 денари

Програмата за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2023година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип и ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/28
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 22,точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/02),член 5 од Законот за управување со кризи (Сл.весник на РМ бр.29/5) член 5, 21 и 22 од Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ"бр 67/04) и член 9 од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04) и член 15, точка 10 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип , Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја усвои следната:

## П Р О Г Р А М А
## а активностина Општина Пробиштип во областа на заштита и спасување и ревитализација по елиминирање на кризи за 2023година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, ревитализација по настанати елементарни несреќи, ублажување и елиминирање на кризни состојби. Посебен акцент на активностите се дава во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва,општинскиот противпожарен сојуз, секциите во училиштата на млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби,Општина ПробиШтип во 2020 година овие активности ќе ги остварува преку:

Просторниот штаб за заштита и спасување,
Регионалниот центар за управување со кризи,
-Просторните сили за заштита и спасување(универзални и специјализирани-екипи,одделенија),
-Комисија за процена на штети од елементарни и други и други несреќи на територијата на општина Пробиштип,

-Територјалната противпожарана единица која дејствува на целокупната територија на општината а по потреба со доброволните противпожарни друштва, договорните доброволни пожарникари и граѓаните кои доброволно се пиклучуваат во акциите за гаснење пожар, општинскиот противпожарен сојуз и секциите во училиштата на млади пожарникари.

Цели на програмата:
Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и други видови на непогоди;
Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасувањето на луѓето и материјалните добра;
Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елеиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреѓи и ублажување на последиците од истите
Обезбедување на услови и можности за соодветна организизација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

Активности за реализација на програмата:

За реализација и остварување на основните цели на Програмата, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спасувањето во услови на разни други водови непогоди,превенција и справување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во ова насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Пробиштип преку оваа Програма за 2020 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна , техничко стручна обучена, подготвена и опремена единица за противпожарна заштита заедно со доброволните пожарникари и граѓаните.Со тоа ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Пробиштип и другите општини и ке се овозможи развој и зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето,превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

3.Финасирање на програмата:

Финасирањето на активностите од областа на зашштита и спасување,
превенција и справување со кризни појави, дејствувањето Општинскиот противпожарен сојуз,Дороволните противпожарни друштва и Секциите за млади пожарникари Територјалната противпожарна единица(со посебна програма), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од :
Средства од буџетот на Општина Пробиштип и Републичкиот буџет
Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва,домашни и странски фондации(операција ФЛОРИОН и амбасади на државите во РСМ ), правни и физички

лица, наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид несреќи;

РАСПОРЕД НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА:

А)Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | **ПРИХОДИ** | |
|---|---|---|
| | Буџет од Општина Пробиштип | 300.000,00 |
| | Сопствени приходи од давање на услуги | |
| | Приходи од други извори,донации,проекти | 30.000,00 |
| | | |
| | | |
| | Вкупно:1-3 | 330.000,00 |

Б)Противпожарна заштита,доброволна противпожарна организација и спроведување на други обуки и мерки за заштита и спасување на населението и матријалните добра за побезбедна општина

| | АКТИВНОСТИ - РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| | Организирање и спроведување обука на просторни штабови и единици | - |
| | Доброволна противпожарна организација - Секции за млади пжзарникари во сите општински училишта | - |
| | Општински противпожарен сојуз- организација на квиз натпревари | - |
| | Набавка на техничка и заштитна опрема и средства за гаснење на пожари | 100.000,00 |
| | Изработка на програмски соджини од заштитата и спасувањето кои ке се презентират на класните часови во училиштата | - |
| | Набавка на работна униформа за ДПД | 20.000,00 |
| | Активности за одбележување на 20 мај ден пожарникарството во РСМ | 10.000,00 |
| | Активности за проектирање, реализација на вежбовните и други активности | - |
| | Помош на станарите, стамбените згради - изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секој влез посебно | - |
| | Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со ДПД | - |
| | Активности на комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | - |
| | Надомест за обука, договорни услуги и материјални трошоци на правни и физички лица-учесници во акции за гасење пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 200.000,00 |
| | Безбедносни проверка на станарите за | - |

| | | |
|---|---|---|
| | безбедносна проценка од пожар | |
| | Отворени трибини за заштита и спасување со гаѓаните од урбаните и  рурални средини од подрачјто на општина | - |
| | Тактичко - показни вежби и активности за превенција  и справување со кризни состојби и појави | - |
| | Вкупно:1-15 | 330.000,00 |

5. **Други форми и активности за побезбедна општина со по**
држување и помагање на субјектите од заштитно - спасувачката организираност на територијата на општината

Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица,Општинскот противпожарен сојуз,Доброволните противпожарни друштва,Секциите за млади пожарникари по училиштата во општината Пробиштип, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Пробиштип, освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе се помагаат и стимулираат и со:
Учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ и Општинскиот противпожарен сојуз повразни  со квизови,натпревари,вежби,прослави и други настани;
Подрашка и учество во проектни и друг вид на активности.

Завршни одредби:

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Пробиштип и Одделението за јавни дејности.
Соработката и координацијата ке е постојана со Просторниот штаб за заштита спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни и сродни институции како органите и телата на Советот и Градоначалникот на Општината. Односно сите институции во рамките на своите законски надлежности заедно со граѓаните   ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Според наши согледувања висината на бараните финансиски средсства е минимална во буџетот на општината а од друга страна бенифитите  за заштита на граѓаните и заштита на матријалните добра и други добра од елементарните и други несреќи, кризни состојби и појави ке има непроценливо значење за  побезбедна  општина.

Програмата влегува во сила со денот на  објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/29 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година — ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип — Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, а по предлог на Комисијата за еднакви можности,  го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Пробиштип, да изврши ажурирање на членовите во Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди на територијата на Општина Пробиштип, од причина што Комисијата не е комплетна и е нефункционална.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1072/29-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

**Програма за тековно оперативни работи на Територијалната противпожарна противпожарна единица на Општина Пробиштип за 2023 година**

Оперативната програма на Одделението за противпожарна заштита во делот за изготвување на буџето на Општина Пробиштип се состои од збир приоритетни потреби кој треба да се постигнат со средства од буџетот на Општина Пробиштип.
Програмата има за цел да го одржи тековното работење на ТППЕ Пробиштип и подобри условите за работа со цел да се зголеми ефикасноста на единицата за 2023 година.

| Р.број | програма | опис | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Ѕ0 | Услуга за сервисирање на боци за компримиран воздух за изолациони апарати 200 бара 10 кг | 100.000 |
| 2 | Ѕ0 | Услуга сервисирање на возила | 100 000 |
| 3 | Ѕ0 | Набвка на резервни делови и флуиди за ПП возила | 120.000 |
| 4 | Ѕ0 | Набавка на ПП црева Ц 52 mm x 15 m/ 16 bara | 80.000 |
| 5 | Ѕ0 | Регистрација на возила | 40.000 |
| 6 | Ѕ0 | Трошоци за гориво | 200.000 |
| 7 | Ѕ0 | Учество на обуки и семинари за БЗР,ЗС и ПП заштита | 15.000 |
| | | **Вкупно** | **655.000** |

Изготвил:Оделение за противпожарна заштита
Командир на ТППЕ Милан Терзиќ
Образложение:

1.ЅО- Улуга засервисирање на боци за компримиран воздух за изолациони апарати 200 бар метални.
Изолационите апарати за заштита на дишните органи за влегување во котаминирана средина кој се состои од боца со компримиран вaздух (200-300 бара), седло за боцата, приклучни црева и приклучоци, манометар, сигнализатор за опасност, заштитна маска.
Сите овие делови се законски подложни на контрола од овластена установа.
Неисправни изолациони апарати се чест причинител на повреди и смртни случаеви при интервенција на пожарниканите.
Сегашните метални боци се со изминат рок на употреба и поради тежината на боците манипулацијата при интервенции е потешка.

2. ЊО-Поради долготрајна употреба , а и поради редовно одржувањепотребо е да се постигне договор за квалитетно и професионално механичарско одржување на возилата који со својата опрема се наши основни средства за работа.
Редовното оржување во смисла на редовни сервиси, и квалитетно замена на дотајани делови треба да бидат извршени од професионална установа која ке гарантира за извршените поправки.

3.ЊО- Возилата во ТППЕ се од постарите генерации на специјални возила и се часи кваровите од различни природи.Затоа има поттрреба од редовно одржување и замена на дотрајаните делови.

4.ЊО- Набавка на опрема за гасење -противпожарни црева
Со набавката на ново ПП возило за гасње и достава на вода, неопходно е ова возило да се до екипира со потребна количина (метража) на ПП црева , минимум 10-15 црева или 150-225 метара водоводна линија.

5.ЊО-ТППЕ поседува две ПП возила и две теренски возила.Овие возила учествуваат во сообраќајот и подлежни на регистрирање, осигурување и контрока на исправноста

6.ЊО- ТППЕ поседува три ПП возила и две теренски возила. Потрошувачката варира во зависност од интервенциите.

7.ЊО-Учество на обуки и семинари за ЗС , БЗР и ПП заштита.
Поради новите научни достигнување во областа на заштита од пожари, производство на нови генерации на опрема и средства за гасење на пожар, нови искуствени начини и тактики во одредени области на заштита и спасување со користење на нови и постоечки технологии на индустриското производство, земјоделско производство, сообраќај и транспорт неопходно е посетување на семинари, обуки и предавања кој се организираат во оваа област во државата и странство. ТППЕ веке имаше покани за присуство на вакви обуки но поради не обезбедени средства во буџетот изостанаа обуките.
Припадниците на ТППЕ се овластени службени лица во областа на безбедноста на Р.М.и како такви мораат да ги следат новите достигнувања во областа на заштита и спасување и измените во законот за заштита и спасување и безбедности здравје при работа.

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/30
24.11.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов с.р.

---

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), а согласно со Законот за заштита и спасување Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарна непогода на ден 28.05.2022 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарна непогода-град настаната на ден 28.05.2022 година на територијата на Општина Пробиштип**

1. Се усвојува Извештајот за проценети штети од елементарна непогода-град настаната на ден 28.05.2022 година на територијата на Општина Пробиштип, бр. 27-615/63 од 07.11.2022 година, изготвен врз основа на Записникот за увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за проценети штети од елементарна непогода-град настаната на ден 28.05.2022 година на територијата на Општина Пробиштип, бр. 27-615/63 од 07.11.2022 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1072/31 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), член 4 од Законот за јавен („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 151/21) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2005, 24/2014, 29/2015 и 23/2019) и Советот на Општина Пробиштип на седница одржана на ден 24.11.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува намерата за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Пробиштип кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, со цел финансирање на енергетски ефикасни активности во објекти (проекти): „ Енергетско ефикасни објекти во сопственост на Општина Пробиштип”.

**Член 2**

По прифаќање на предложените проекти од страна на Министерството за финансии (ПСЕЕП единицата), се овластува Градоначалникот во име на Општина Пробиштип да го потпише Иницијалниот договор согласно условите од Јавниот повик.

**Член 3**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии согласно условите наведени во Јавниот повик.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1072/32 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 1 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог наГрадоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година ја усвои следната:

# ПРОГРАМА
## за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година

Остварувањето на социјалната заштита, детската и здравствената заштита во општина Пробиштип се заснова на Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, Националната програма за развој на социјалната заштита и др. кои се однесуваат на социјалната , детската и здравствената заштита како и надлежностите на општината.

Општина Пробиштип во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната и детската заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти. При планирањето на Програмата се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Општина Пробиштип согласно законот за социјална заштита донесува програма за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита (лица со инвалидност, деца без родители и родителска грижа, деца со пречки во менталниот и телесниот развој, деца на улица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца од еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, лица жртви на семејно насилство, лица жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа преку институционални и вонинституционални облици на социјална заштита, Социјална помош (еднократна парична помош по однос на поднесено барање и утврдување согласно правилник за доделување на еднократна парична помош), Болни лица , лица изложени на социјален ризик, корисници на социјална помош, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди, Домување на лица со социјален ризик, Остварување на право на децата од предучилишна возраст , Утврдување на потребата од социјална услуга, Унапредување на здравствената заштита , Социјална превенција, Подигање на свеста на населението за потребите од обезбедувањето на социјалната заштита.

Во програмата се имплементираат стратешките приоритети на општината за тековната година но и од мерките утврдени на национално ниво. Се реализираат активности со цел да се придонесе јакнење на социјалната функција на општината во согледување на потребите на граѓаните и грижата и помошта на оние лица,семејства, општествени групи кои се засегнати од одредени социјални ризици. Програмата предвидува соработка со ЈУ„Центар за социјална работа", Центар за вработување, Полициска станица, училишта, градинки , Здравствениот дом „Нада Михајлова, ОО„Црвен Крст" и други министерства, установи, институции, НВО и приватен сектор.

Општина Пробиштип има изготвен стратешки документ -Социјалниот план за 2022-2025 година кој е направен со поддршка на Ептиса и секако со членовите на Општинскиот совет за социјална заштита кои учествуваат во изготвување на програмата за социјална детска и здравствена заштита.

Во програмата за социјална детска и здравствена заштита активностите се поделени во областите (социјална , детска и здравствена заштита) во кои ќе се делува обезбедувајќи одредени права, парични надоместоци предвидени со програмата.

**Активности во Социјалната заштита**

-Обезбедување на еднократна парична помош по однос на поднесено барање согласно правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип со арх.број 26-570/8 од 30.04 2015г и дополнување на правилникот со број 26-1084/7 од 30.09 2015 година.
-Обезбедување на социјални пакети за лицата во социјален ризик по претходно испратено барање до центар за социјална работа и добивање на мислење по истото. Социјалните пакети ќе се даваат на лица во социјален ризик, приматели на одредена помош од Центар за социјална работа. Оваа активност ќе се реализира во соработка со Центар за социјална работа Пробиштип . Пакетите ќе се даваат по повод Новогодишните празници.
-Финансиски средства за користење на правото за додаток на домување на материјално и станбено необезбедени лица. Согласно одредбите од Законот за социјална заштита е нов вид на помош и постапката и начинот на одобрување ќе бидат определени во посебен правилник за домување донесен од страна на советот на општината. Оваа активност ќе се реализира во соработка со ЈУ„Центар за социјална работа Пробиштип.
-По повод 3-ти декември , Меѓународен Ден на лица со посебни потреби се посетуваат корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост инклузираните ученици при ООУ„Браќа Миладиновци од страна на Градоначалникот на општина Пробиштип.
- Новогодишно пакетче за корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост, инклузираните ученици од страна на Градоначалникот на општина Пробиштип.
-Поддршка на активности на здружение на лица со оштетен вид. Субвенција на сметки за вода преку ЈКП„Никола Карев“ , врз основа на поднесено и Одобрено барање од Здружението на слепи лица со заклучок број 26-810/27-2 од 30.08 2019 година и 26-427/19-1 од 15.05 2020 година. Оваа мерка ја користат 11 членови на здружението.
-Подобрување на животот на лицата со инвалидност преку изградба на пристапни рампи. Општина Пробиштип во соработка со членовите на Општинскиот совет за социјална заштита ќе иницира да се започне постапка за изготвување на проекти и изведба на пристапни рампи за лица со инвалидет.

**Активности преку програмата Општинско –корисна работа**

-Реализација на активности преку Програмата општинско-корисна работа во соработка со АВРСМ и Центар за социјална работа. Преку програмата Општинско-корисна работа за период 2022-2023 година се реализира проектот Згрижувачко воспитна дејност и инклузија на деца. Целта на оваа програма е социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд за обезбедување на социјални услуги на жителите од општина Пробиштип; Поддршка во учењето за учениците со попреченост во согласност со индивидуалните потреби на учениците со цел да се овозможи нивно учество во образовниот процес на еднаква основа со другите ученици и со тоа да се спречи нивната дискриминација поради попреченоста; Стручна совесна и одговорна грижа за остварување на згрижувачката работа со деца преку вклучување на воспитувачи и негователи на деца од предучилишна возраст во воспитните групи во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип.Крајни корисници се деца од предучилишна возраст, запишани во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип, Ученици од СОУ„Н.Н.Борче“ со посебни образовни потреби инклузирани во редовна настава.

Преку програмата ОКР 2022-2023 година ангажирани се 9 лица со склучен договор на 9 месеци и тоа ангажирамите лица во детската градинка се започнати од месец јули 2022 година до 31 март 2023 година, ангажираните лица во СОУ„Н.Н.Борче Пробишип од месец септември 2022 до 31.05 2023 година.

Ангажираните лица добиват надоместок од 9000 ден (во бруто износ со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. Општина Пробиштип учествува со

кофинансирање од 20% од месечниот износ на надоместокот или 145.800,00 ден , а УНДП врши исплата на 80% или 583.200,00 ден .

Од страна на СОУ„Н.Н.Борче Пробиштип добиено е и прифатено е барањето од општина Пробиштип за потребата на уште еден образовен асистент за работа со ученик за време на часовите. Од страна на УНДП е вклучено и ова лице во програмата но финансиски 100% подржано од општината, а од УНДП ќе се спроведе обука и за ова лице како и за останатите. Општина Пробиштип и УНДП склучија анекс на договорот , каде општина Пробиштип ќе врши исплата од 100 % на едно лице образовен асистент или 72.000,00ден. Вкупното учество на општината со новоангажираното лице за оваа програма е 217.800,00 ден.

За програмата ОКР 2022-2023 година од оваа програма ќе се потрошат средства за кофинансирање и финансисрње за период декември 2022г -мај 2023 година, вкупно 126.000,00 ден. Општина Пробиштип повторно до колку има можност ќе аплицира со нова програма за период 2023-2024година.

**Активности во детската заштита**

-Ангажирање на логопед за деца со проблеми во говор и глас преку ангажирање на логопед. Оваа активност се реализра неколку години на назад мошне успешно. Со истата активност ќе продолжиме и во 2023 година.
-Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип согласно Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоци за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавни установи за деца
-Партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип согласно донесен Правилник од совет на општината со број 26-141/7 од 08.02 2019г
-Обезбедување на новогодишни пакетчиња за децата запишани во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип
-Еднократна парична помош за секое новороденче ( Барањето за остварено право на еднократна парична помош за новороденче се одобрува на лица со постојано место на живеење во општина Пробиштип.
-Новогодишно пакетче за секое дете запишано во детската градинка

**Активности во Социјална и здравствена превенција**

Овие активности општина Пробиштип ќе ги организира во соработка со ОО„Црвен Крст Пробиштип каде активностите се содржани во доставената предлог програма на ОО„Црвен Крст “ Пробиштип.

**Програмски активности на ОО„Црвен крст“Пробиштип**

Согласно доставената предлог програма на ОО„Црвен Крст “ Пробиштип со арх број 18-1018/1 od 03.11 2022 година предвидени се активности по две програми и тоа:

- Програма за социјално-хуманитарни и здравствено-превентивни активности

-Во текот на октомври, организирање на собирни акции во храна, облека и обувки и хигиенски средаства за социјални најранливи семејства во општината и нивна дистрибуција. Едукативни сесии и работилници за ученици во основните и средните училишта во градот за побудување на нивната свест за проблемите на сиромаштијата, дистрибуција на информативен материјал, настапи на волонтери - стручни лица на медиумите и сл.Подготовка на 30 пакети со храна и хигиена и распределба на најранливите категории на грагани во О.Пробиштип

-Организирање активности по повод одбележување на месецот за борба против болестите на зависност - пушење, наркоманија и алкохолизам. Информирање на јавноста за активностите за одбележување на месецот на зависности од 1-30 Ноември, спроведување на десет едукативни сесии за 7 и 8 одделение во основните училишта, организирање штандови и дистрибуција на флаери со здравствено-едукативна содржина

-Организирање на активности во Пензионерскиот дом преку здравствени прегледи (проверка на шекер во крвта, мерење на крвен притисок и давање на здравствени совети), едукативни сесии на тема Шекерна болест-Дијабетис, начини за здрава исхрана, превенција од мозочни и срцеви удари, сл. Организирање на заеднички друштвени игри на Клубот на млади при ЦК-Пробиштип и Клубот на пензионери.Посета на стари лица во селата и помош во храна облека и други намирници.

-Во текот на декември, организирање едукативни сесии и работилници за ученици во основните и средните училишта во градот на тема сајбер насилство, семејно насилство и врсничко насилство.Реализација на 8 едукативни работилници од страна на стручни лица.

-Реализација на предавања за заштита од трговија со луѓе и педофилија со заедничка соработка со полиција и образовните институции.

- Одбележување на 1-ви Декември - Светски ден за борба против ХИВ/СИДА и сексуално-преносливи болести преку дистрибуција на иформативен материјал, настапи на волонтери - стручни лица на медиумите,реализирање на 6 едукативни сесии во основните училишта од страна на геникolog и сл.

-Целокупната организација (објавување на манифестациите и активностите за одбележување на традиционалните наведени активности, изработка на анкетни листови и други рекламни материјали за информирање на населението, средба со медиими, анкети, едукативни сесии, трибини и ред други активности) ја спроведува Црвен крст Пробиштип

- Програма за крводарителство, (Крводарителски акции)

**Активности со НВО**

-Активности со невладини организации преку потпишување на меморандуми за соработка и реализација на заеднички активности во областа на социјалната, здравствената и детската заштита

-Активности со ОО„Црвен Крст“ Пробиштип. Општина Пробиштип со ОО„Црвен Крст Пробиштип со меѓуопштинска соработка со Општина Кратово аплицираше на јавниот повик преку МТСП преку проект финансиран од Светска банка.

Предлог проектот е замислен како меѓуопштинска соработка помеѓу општините Пробиштип и Кратово и потенцијалниот давател на социјалната услуга ОО „Црвен крст“ од Пробиштип. Социјалната услуга која ќе се воспостави е во групата „Услуги во домот“, односно Помош и нега во домот.

Целна група на овој проект ќе бидат стари лица, стари и изнемоштени лица, лица со хронични болести, лица со умерена и тешка попреченост како и лица со намелен функционален капацитет кои живеат сами или со својот брачен другар на подрачјето на општина Пробиштип и општина Кратово опфаќајќи ги и руралните средини.

Услугата помош и нега во домот ќе ја спроведува ОО„Црвен Крст“ Пробиштип во двете општини, а ќе ја води до воспоставување на услугата секретарот на ОО „Црвен Крст“ Пробиштип. Координаторот на проектот ќе ја преземе работата и во општина Кратово во соработка со одговорното лице од општина Кратово. Се предвидува да се ангажираат 14 лица од кои 7 за општина Пробиштип и 7 за општина Кратово. Ќе се даде можност да се вклучат и лицата кои веќе биле ангажирани преку програмата на ОКР. Ангажираните лица ќе ја вршат работата во местото каде што живеат. Предност ќе се даде на лицата од руралните средини за работен ангажман во истата рурална средина.

Ангажираните лица ќе ги вршат основите и инструментални активности согласно Закон за социјална заштита (одржување на домот, чистење, готвење, пазарење, перење, пеглање, поддршка во извршување на секојдневните активности, прошетка, комуникација со матичен лекар, придружба на рутински контроли кај матичниот лекар, набавка на лекови, мерење на шеќер во крвта и мерење притисок).

Со овој проект двете општини Пробиштип и Кратово предвидуваме да бидат опфатени околу 40 крајни корисници од Општина Пробиштип и Кратово вклучувајќи ги и руралните средини, стари и изнемоштени лица, лица со намален функционален капацитет да им се олесни секојдневното функционирање преку услугата помош и нега во домот преку добивање на основни и инструментални услуги. Ќе им се овозможи социјално здравствена услуга(мерење на шеќер во крвта и крвен пристисок).

Со оваа услуга и во двете општини ќе се овозможи грижа на возрасните во домашни услови, олеснување во непречено извршување на домашните активности, поддршка во нивниот социјален живот од страна на сертифицирани лица негуватели/ки оспособени со вештини и компетенции кои ќе се обучат за давање на грижа на старите лица, давање на основните здравствени и социјални услуги во домашни услови на лица кои не се во состојба да се грижат сами за себе.

**Активности на Општински совет за социјална заштита**

Информативни средби во рурални средини и информирање за правата и услугите од областа на социјалната заштита.

**Поддршка од соодветни министерства и други меѓународни организации**

Средствата за реализација на програмата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пробиштип со можност и др.средства од грантови од фондации, амбасади и други.

**Финансиска рамка на програмата за социјална, здравствена и детска заштита за 2023 година**

| рб | Планирани активности и проекти | Финансирање | | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| | | буџет | донација | |
| 1. | Одбележување на Меѓународен ден на лица со попреченост. Активност во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост , инклузираните ученици во општинските училишта<br>Новогодишни пакетчиња | 60.000,00 | | Вкупен број на лица со попреченост |
| 2. | Обезбедување на социјални пакети на лица во социјален ризик (корисници на ГМП и социјална сигурност на стари лица) | 100.000,00 | | Број на лица во социјален ризик |
| 3. | Еднократна финансиска помош по однос на поднесено барање од лица во социјален ризик | 600.000,00 | | Број на поднесени барања за еднократна финансиска помош |
| 4. | Финансиска помош за домување | 30.000,00 | | Број на поднесени барања |
| 5. | Еднократна парична помош за секое новороденче по 5000 денари | 600.000,00 | | Број на поднесени барања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Активност со лицата со оштетен вид – Субвенција на сметки за вода, преку ослободување на месечна сметка за вода од ЈКП„Никола Карев“ (11 лица x500 ден=,00ден) | 80.000,00 | | Корисници на услуга –членови на здружение на слепи лица |
| 7. | Сопствено учество за проект финансиран од Светска банка за воспоставување и давање на услугата Помош и нега во домот | 43.000,00 | | Број на крајни корисници |
| 8. | Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип за дете од семејство на самохран родител. | 30.000,00 | | Број на деца корисници на услуга |
| 9. | Партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип | 30.000,00 | | Број на деца корисници на услуга |
| 10. | Новогодишни пакетчиња за децата запишани во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип | 90.000,00 | | Вкупен број на деца |
| 11. | Финансиски средства за проект-ундп 2022година и 2023 година<br>Склучен договор и анекс на договор со ундп (финансирање и ко-финансирање)<br>Финансиски средства за проект ундп 2023-2024г | 200.000,00 | 2022-2023г 583.200,00денари | Број на деца корисници на услуга |
| 12. | Финансиски средства за учество на други проекти | 50.000,00 | | Учество во проект |
| 13. | Логопедските третмани (ангажирање на логопеди)<br>Средба со родителите во соработка со училиштата, детската градинка и матичните лекари.<br>Одбележување на 2-април Ден на лицата со аутизам и 21-март ден на лицата со даунов синдром | 150.000,00 | | Број на деца корисници на услуга |
| 14. | Програмски активности на ОО„Црвен крст“Пробиштип | 100.000,00 | | Крајни корисници |
| 15. | Активности на Општинскиот совет за социјална заштита<br>Информативни средби во рурални средини и информирање за правата и услугите од областа на социјалната заштита | 0,00 | 0,00 | Одржани форумски сесии |
| | ***ВКУПНО :*** | **2.163.000,00денари** | | |

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Број 26-1072/33 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 24.11.2022 година, а по предлог на Комисијата за еднакви можности, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

1. Се задолжува Одделението за јавни дејности и Градоначалникот на Општина Пробиштип, да достават барање до Министерството за здравство на Република Северна Македонија заобезбедување на повремено присуство на ортопед и очен доктор преку системот Мој термин за граѓаните од Општина Пробиштип.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1072/33-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип наседницата одржана на ден 24.11.2022 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За отстапување на простор на давател на услуга ОО „Црвен крст„
Пробиштип зЗа реализација на проектот „Помош и нега во домот„

Член 1
Со оваа одлука се отстапува на користење без надоместок, простор ( дел од кат) на КП бр. 973/3 за КО Пробиштип во сопственост на Општина Пробиштип, евидентиран во ИЛ бр.4748, зграда 1, намена В4-10, влез 2, кат ПР со површина од 47,5 м2 на ОО „Цвен крст„ Пробиштип како давател на услуга за реализација на проектот „Помош и нега во домот„ .

Член 2
Проектот „Помош и нега во домот„ е финансиран од Министерството за труд и социјална политика во износ од 9.010.488,00 денари.

Проектот ќе се реализира на територијата на Општина Пробиштип и Општина Кратово.

Член 3

Просторот се отстапува на ОО „Црвен крст „ Пробиштип за период од 10 години, за кој период ОО „Црвен крст„ Пробиштип како давател на услугата , има за обврска да пружа помош и нега на старите лица преку лиценцирани негователи.

Член 4

За уредување на правата и обврските меѓу Општина Пробиштип и ОО „Црвен крст„ Пробиштип за користење на просторот, ќе се склучи посебен договор.

Член 5

За секоја реконструкција и атаптација на просторот, потребна е согласност од сопственикот. Давателот на услугата не смее просторот да го користи за друга намена, освен за потребите на проектот.

Член 6

Во случај проектот да се прекине пред истекот на рокот од 10 години, договорот ќе се раскине.

Во случај да општината има потреба од просторот, Советот донесува одлука за престанок на користењето на просторот, но во тој случај општината има обврска да обезбедеи друг простор за реализација на проектот.

Член 7

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на бјавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1072/34 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
24.11.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.